магазин за
# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА


На 72 страници

Година 2 Број 9
Ноември 2023 г.

Цена 150 ден.




**МЕГАИНТЕРВЈУ**

**ОРЦЕ СИМОВ**
**Потпретседател на Сојузот на стопански комори и претседател на ИКТ-коморета**

*„На стопанството му е потребна даночна предвидливост“*

**ОБРАЗОВАНИЕ**
**Проф. д-р Виолета МИЛЕНКОВСКА**
**„Најважниот столб, образованието, во сенка на надлежните власти“**

**МОЈА ОПШТИНА**
**Интервју со градоначалникот на Општина Штип, Иван ЈОРДАНОВ**

**ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД**
**Интервју со директорката на Германско-македонската комора**

www.magazinturizam.mk


ISSN 2671-3934
5 318000 033115





Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАИНТЕРВЈУ: **Орце СИМОВ,** потпретседател на Сојузот на стопански комори и претседатетл на ИКТ-комората 4



ОБРАЗОВАНИЕ: **Најважниот столб, образованието, во сенка на надлежните власти** 12



КОЛУМНА: **Проф. д-р Јана ИЛИЕВА,** генерален секретар и професор на Универзитетот Скопје 20



ЕКОНОМИЈА: **Инфлацијата им го испразни џебот на граѓаните** 26



МОЈА ОПШТИНА: **Интервју со градоначалникот на Општина Штип, Иван ЈОРДАНОВ** 34



РЕПОРТАЖА: **Кучково сè поатракитвна локација за скопјани** 40



ДУРБИН: **Актуелни вести дома и во светот** 46



ИДНИНА: **Разговор со најдобрите магистри и дипломци на Универзитетот Скопје во 2023** 50



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со директорката на Германско-македонската комора** 58



КОМПАРАЦИЈА: **Даноците во Македонија и во регионот** 64

ЗПГМ ЗПГМ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА
„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ




Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/



М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА



# ИМА ЛИ СВЕТЛО НА КРАЈОТ ОД ТУНЕЛОТ?

*Инфлацијата се намалува со бавно темпо, а џебовите на граѓаните забрзано се празнат. Цените на основните прехранбени производи ќе останат „замрзнати“ до Нова година, но дали ова ќе го подобри и онака опаднатиот животен стандард на просечниот граѓанин во државата? Бројките покажуваат дека Македонците од ден на ден сè повеќе осиромашуваат. Да се наполни фрижидерот и да остане така до крајот на месецот се чини стана невозможна мисија.*

*Оние со најниски примања, меѓу кои се и пензионерите, со месеци се веќе на улиците барајќи повеќе пари. Не само што не ги добија, туку Владата дури и се пофали дека се грижи за економските потреби на граѓаните, иако скрои буџет за сопствени желби. Во време на криза, промени се прават и во даночната политика. Граѓаните и фирмите кои и тоа како беа удрени по џебот во време на епидемиолошката и на економската криза, високата инфлација ги дотолчи. Секое ново наредно најавување нови давачки, такси и обврски, за нив значеше нова главоболка и „тенчење“ на трансакциските сметки. Компаниите ги дочека „студен туш“ дека треба и тоа како да го одврзат ќесето и да ѝ го вратат на државата она што го заработија во изминатите неколку години како екстра профит.*

*И додека црвениот аларм е вклучен, власта скрои буџет од 5,5 милијарди евра. Со досега најголемиот буџет, дали ќе се купуваат социјалниот мир и избирачи? Економистите и стопанствениците предупредуваат дека инфлацијата сè уште е висока, задолжувањето расте, а инвестициите тешко се реализираат. Дали се гледа некое светло кога тоне македонската економија во проблеми? Дали е тоа светло што доаѓа од крајот на тунелот или, пак, е светло што доаѓа од процеп во тунелот?*

# МЕГАИНТЕРВЈУ

## ОРЦЕ СИМОВ,
потпретседател на Сојузот на стопански комори и претседател на ИКТ-комората



# СИМОВ: НА СТОПАНСТВОТО МУ Е ПОТРЕБНА ДАНОЧНА ПРЕДВИДЛИВОСТ

Кога младото работоспособно население треба да почне да придонесува за државата и за општеството, тоа се иселува и започнува да работи и да живее во друга земја, иако претходно се потрошени значителни средства за претшколскиот период, основното, средното и за високото образование на тоа население.  Ако се земат предвид трошоците за сите тие луѓе за здравство, образование и сето друго потребно за раст и развој на еден човек, ќе се дојде до фрапантни загуби што ги трпи нашето општество по тој основ, загуби што се далеку поголеми од директните странски инвестиции, вели во интервјуто за Магазинот за туризам и менаџмент, Орце Симов, потпретседател на Сојузот на стопанските комори и претседател на ИКТ-комората.




Симов: „Дигиталната трансформација е неопходна за брз економски раст и развој.“
*Извор: Сојуз на стопански комори*



**Јамката околу компаниите се добива впечаток дека сè повеќе се стега. Владата внесува нови давачки што ќе бидат дополнителен товар за македонското стопанство. Солидарниот данок е една од нив. Рокот за плаќање заврши, а обврската не ја исполниле најмалку 30% од фирмите. Бизнис-заедницата се обиде да го оспори законот на Уставен суд, но сè уште нема одлука. Колку е ваквата обврска товар за македонското стопанство?**

Едни од многуте услови за бизнис-клима која овозможува позитивен раст, развој и напредок на компаниите се поволната даночна политика и даночната предвидливост.  Со оваа мерка се влошува даночната политика, а се нарушува и даночната предвидливост. Зголемувањето на даноците и даночната непредвидливост и нестабилност има неповолно влијание врз условите за водење бизнис. За да може успешно да се планираат инвестициите и бизнис-операциите, условите за работа, од кои дел е и даночната регулатива, треба да бидат стабилни и непроменливи. Ако и има потреба од некоја промена во која било регулатива што го засега бизнисот, нејзиното стапување во сила треба да биде најавено најмалку 6 месеци однапред. Овој закон, популарно наречен солидарен данок, спротивно на принципите на предвидливоста, е донесен ретроактивно, што создаде дополнителни проблеми за компаниите што беа опфатени со него. Ниту една од тие компании во плановите за работа за 2023 година ја нема предвидено оваа обврска. Ретроактивното носење на неповолна мерка е неприфатливо и за граѓаните и за стопанството, а е правно проблематично, и во согласност на тоа овој данок е оспорен на Уставен суд.

**Одлуката за гарантирани цени Владата одлучи да ја продолжи до крајот на годината. Дали компаниите ја чувствуваат штетата од оваа одредба?**

Наместо ограничување на цените на одредени производи, Сојузот на стопански комори бараше лимитирање на маржите со што ќе се избегне можноста за работење со загуба на одредени компании со продажба на одредени производи доколку влезните трошоци се поголеми од ограничената продажна цена, а компаниите се обврзани






Симов: „Македонските граѓани треба да инвестираат повеќе во сопствени бизниси и во останати финансиски инструменти без очекување за брзо збогатување."



да ги имаат во својот асортиман. Трошоците на компаниите растат по многу основи, а приходите се намалуваат и поради намалената куповна моќ на населението и поради намалувањето на бројот на самото население поради емигрирање од државата, а и од други причини. Во овој период, имаме цени на енергенси високи како никогаш досега, високи цени на репроматеријали, резервни делови, на опрема за производство, нарушен е глобалниот синџир на снабдување што води кон дополнителни трошоци, платите на вработените растат несразмерно со растот на бруто-домашниот производ, така што оваа одредба е тешка за компаниите. Владата требаше солидарно да дејствува во насока на помош на граѓаните и на намалување на инфлацијата. Во истиот момент кога ги ограничи цените на прехранбените производи, Владата го зголеми данокот на додадена вредност од 5% на 10% за 1.600 производи, наместо солидарно да учествува во помошта кон граѓаните, а во насока на намалување на инфлацијата, данокот од 5% да го намали на 0% додека се во сила мерките на ограничени цени. Напротив, Владата не ја ни задржа стапката на 5% данок, туку двојно ја зголеми, со што дополнително долеа масло во огнот.

**Дали има Владата слух за стопанството и колку често сте консултирани пред да бидат донесени одредени одлуки?**

Добро е да се консултира стопанството, пожелно е, но во тоа не се состои клучниот проблем. Стопанството нема средства, луѓе и ресурси да размислува и да дефинира владини мерки. Негова задача е да иновира нови производи и услуги, да произведува, да дава услуги, да ги оптимизира процесите, да се бори за нови пазари и да пронаоѓа нови корисници во и надвор од државата. Стопанството треба да обезбеди приходи за финансирање на своите расходи и приходи за развој на идни производи и услуги преку продажба на постојните и затоа сите напори на стопанството треба да бидат во таа насока. Владата, пак, добива средства од даноци, акцизи и други извори. Нејзина задача е да креира деловна средина која ќе овозможи оптимално функционирање на стопанството и живот на граѓаните. Треба да се проучуваат успешни држави, да се види кои се

нивните модели на работа, соодветно да се приспособуваат таквите модели на нашите потреби и со тоа да се обезбеди можност за поефикасна работа на компаниите, што, пак, ќе доведе до зголемување на бруто-домашниот производ. Со поголемо создавање нова вредност, ќе се подобри и стандардот на сите граѓани и состојбата во која се наоѓа целокупното општество. Владините мерки треба да бидат системски и суштински. Одржливите и вистински развојни стратегии се децениски, не се имплементираат преку ноќ. Наместо да имаме мерки со кои на некои компании им се доделуваат средства по одреден критериум, треба да има мерки кои ќе овозможат компаниите сами да креираат средства. Наместо некому секој ден да му се дава риба, треба да се создадат услови сам да лови риба. Во овој контекст, владините мерки треба да бидат краткорочни, среднорочни и долгорочни. Во тие краткорочни мерки, добро е да има и такви кои ќе обезбедат финансиска поддршка за компаниите кога има тешки услови за преживување, но главен акцент треба да се стави на среднорочните и долгорочните мерки кои системски и суштински ќе ја подобрат бизнис-климата.

**Работната сила е еден сериозен проблем во македонското општество. Покрај тоа што сте дел од раководството на Сојузот на стопански комори, Вие сте и професор. Според Вас, која е причината што Македонија нема доволно стручен кадар и зошто си заминува тој кадар од земјава?**

Континуираниот одлив на население, а со самото тоа и на работна сила, е еден од поголемите проблеми со кои се соочува македонското стопанство. Овие миграциски процеси му нанесуваат голема штета на целото општество воопшто. Кога младото работоспособно население треба да почне да придонесува за државата и за општеството, тоа се иселува и започнува да работи и да живее во друга земја, иако претходно се потрошени значителни средства во претшколскиот период, основното, средното и за високото образование за тоа население. Овие емиграциски процеси се изразени кај нас со векови, и жално е што не можеме да си ги организираме системот и државата да обезбеди услови за работа и за живот од кои ќе бидеме задоволни и нема да имаме мотив за емиграција. Живееме во одлични климатско-географски услови и, за жал, многу често се емигрира во многу полоши услови за живот од тој аспект. Според некои статистики, во последните 20 години се иселени 500.000 луѓе од  државата, а само во последната година, 53.000 луѓе. Ако се земат во предвид трошоците за сите тие луѓе за здравство, образование и сето друго потребно за раст и развој на еден човек, ќе се дојде до фрапантни загуби што ги трпи нашето општество по тој основ, загуби што се далеку поголеми од директните странски инвестиции. Ако биле во минатото финансиските причини главен мотив за емиграција, сега сè повеќе се иселуваат и добро ситуирани луѓе. Причини за тоа се нефункционирањето на здравството, образованието, правосудството, загадената животна средина и слично. Ова се одразува многу неповолно и на стопанството. Од една страна се намалува базата на купувачи за какви било производи, а од друга, пак, се намалува и бројот и на неквалификувани и на квалификувани работници. Компаниите не можат да најдат потребни работници за своите бизнис-операции, а тоа многу често води кон голема флуктуација на работниците од една во друга компанија. Оваа флуктуација ги зголемува трошоците на компаниите, нововработениот во почетокот се обучува, ги учи процесите и принципите на работа и неговиот придонес е незначителен. Кога ќе почне да дава некаков придонес, се вработува во друга компанија и процесот почнува одново. Но, не е сè така песимистички, треба да бидеме оптимисти и да се избориме за подобра иднина. Има повеќе примери во кои сиромашни земји,

земји од Третиот свет, со правилни политики за неколку децении влегле во друштво на највисоко развиените земји.

**Дали сметате дека месечните примања на граѓаните во Македонија се ниски и колкав е капацитетот на фирмите да исплатат повисоки плати?**

Споредено со земјите од развиениот свет, во Македонија се ниски месечните приходи. За да се зголемат платите, потребно е да се работи повеќе и попродуктивно, и со тоа да се создаде нова поголема вредност, која потоа би се поделила и во вид на плати и во вид на  пензии. Ако се зголемуваат платите со административни мерки, а тоа не е поткрепено со продуктивност и со зголемен производ, зголемувањето е неодржливо и ќе доведе до зголемување на инфлацијата и до намалена куповна вредност за работниците, но и за граѓаните воопшто. Владата треба да создаде подобри услови за водење бизнис, да ја намали корупцијата, да ја намали црната економија, која во моментот е 40 проценти, и побрзо да ги приспособува законските регулативи на новите технологии во светот, што ќе овозможи пристап и легална работа со нив уште во нивните рани фази. Сопствениците на бизниси, менаџерите и претприемачите треба да бидат ориентирани кон инвестиции, технолошки иновации и оптимизирање на процесите во своите компании, а работниците исто така треба континуирано да ги надградуваат своите вештини и да се трудат што повеќе да придонесат во организациите во кои работат, независно дали се тоа приватни или државни организации. Само на овој начин ќе успееме одржливо да ги зголемиме стандардот и благосостојбата во општеството.

**ИТ-секторот е движечка гранка како во останатите држави во светот, така и во Македонија. Во овој сектор во моментов, според последните анализи, се и највисоките плати. Може да се забележи и голем интерес од страна на младите за студирање ИТ-технологии. Колку можат ИТ-технологиите да ја раздвижат економијата во земјава?**

ИТ-индустријата е една од ретките економски гранки која овозможува да се работи од далечина. Овозможува да живеете во Македонија, каде што трошоците се пониски, а да работите за компанија во развиена земја исто како да сте таму и да добивате плата значително поголема од просекот во Македонија, односно плата што не зависи од економските услови овде. Тоа поттикнува голем интерес кај младите за студирање на факултетите за информатика во државата, како и за неформална едукација низ многу центри за обуки. Забележителна и значајна е појавата и на преквалификација, особено преку неформално образование. Лица од различни професии, кои често и немаат допирна точка со технички науки и информатика, преку посета на разни обуки се трудат да фатат приклучок и да се вклучат во ИТ-секторот. Овие активности овозможуваат значителен девизен прилив преку извоз на ИТ-услуги, кој во 2022 година во однос на 2021 порасна за 42% и изнесува над 467 милиони евра. Вештачката интелигенција, виртуелната и додадена реалност и многу други технологии создаваат потенцијал за високо додадена вредност, но потребно е да се помине на наредно ниво во ИТ-индустријата. Во моментот ИТ-индустријата е ориентирана кон „outsourcing“ на услугите, ИТ-кадрите работат за странски компании, кои креираат свои производи и услуги и ја добиваат додадената вредност. Тоа е добро, затоа што ИТ-лицата заработуваат големи плати, се плаќаат поголеми средства за пензиски и здравствен придонес, персонален данок, едноставно се внесуваат дополнителни средства во државата. Но, во иднина треба да поминеме на следното ниво и да се стремиме кон македонски ИТ-компании кои развиваат сопствени производи и услуги со висока додадена вредност наместо да се

ориентираат кон надворешни услуги, со што покрај високите плати за вработените, ќе се обезбеди и значителен прилив на средства и од високата додадена вредност.

**Во јавноста изнесовте свој став дека на Македонија ѝ се потребни државен податочен центар и дигитална агенција. Сметате дека со овие две тела може да почне процесот на дигитална трансформација на институциите во нашата држава. Дали може да ни ја објасните идејата пошироко и, најважно, дали имаме стручен кадар за нејзина реализација?**

Во моментот секоја државна институција има супстандарден систем кој ги опслужува потребите на институцијата со мал и несоодветен број вработени. Имаме 1.500 одделни, расцепкани системски сали во кои има застарени сервери со стари верзии на системски софтвер, оперативни системи, бази на податоци. Информациони системи во кои не се ажурираат софтверите со најнови верзии, во кои не се имплементирани и најосновни стандарди и процедури за информациона безбедност. Со тоа, нашите институции стануваат лесна мета на напаѓачи кои имаат различни побуди и мотиви за вршење напади на информациските системи. Од друга страна, пак, јасен е правецот кон дигитална трансформација на централните државни органи, агенции, фондови и акционерски друштва во сопственост на државата, локалната самоуправа, локалните јавни претпријатија и на компаниите во Македонија. Дигиталната трансформација е неопходна за брз економски раст и развој. Таа подразбира промени во културата на организацијата, во организациските модели, методи и процеси, со имплементација на информациски и комуникациски технологии. Дигиталната трансформација на јавните централни и локални институции ќе овозможи остварување на барањата на граѓаните и на бизнисот на ефикасен, транспарентен и сигурен начин. Во изминатиот период, во време на ковид-кризата, на која се надоврза енергетската криза, различни компании и држави покажаа различна отпорност кон големите економски неприлики. Многу студии направени во овој период покажаа дека државите и компаниите со повисок степен на дигитализација полесно ги пребродуваат кризите, имаат повисок степен на одржливост, имаат помали падови во периодите на економска рецесија и поголем раст во периодите на заздравување на економијата. Компаниите кои нема да се дигитализираат, нема да преживеат. Тие нема да бидат конкурентни во однос на останатите компании кои низ процесите на дигитална трансформација ќе им обезбедат побрзи, поефикасни и поквалитетни услуги на своите корисници. Нивните расходи ќе се зголемуваат, а приходите ќе се намалуваат, тенденции кои ќе ги водат кон исчезнување. Државите кои нема да се дигитализираат нема да им бидат конкурентни на другите држави. Тие нема да бидат во можност да обезбедат квалитетна и оптимална рамка за функционирање на бизнисот и за живеење на своите граѓани.

За да се изврши дигитална трансформација на институциите во Македонија, потребно е да се оптимизираат сите процеси и функции кои ги обезбедуваат тие институции и да се овозможи пристап до нив преку употреба на дигитални средства. Рачната и хартиена работа треба да се заменат со работа базирана на софтвер и на информациско-комуникациски технологии. Сите услуги кои ги даваат централните и локалните институции кон граѓаните и стопанството треба да бидат достапни преку Интернет, преку компјутер и мобилен телефон, 24 часа, 365 дена во годината. Најдобро е дигиталната трансформација да се базира на домашни компании, кои со тоа ќе го зајакнат својот човечки потенцијал, ќе се стекнат со искуство и со практично знаење, а потоа ќе можат да настапат со слични производи и услуги




**Симов: „Трошоците на компаниите растат, а приходите се намалуваат и поради намалената куповна моќ на населението и поради намалувањето на бројот на самото население поради емигрирање од државата.“**



и на други пазари. За да се овозможи тоа, треба да има информациони системи кои ќе ги опслужуваат тие барања. Треба да има стручен кадар кој ќе се грижи за безбедноста и за функционирањето на тие информациони системи. Сосема е неоправдано од економска и од техничка гледна точка единиците на локална самоуправа да градат посебни системски сали кои ќе овозможат дигитализација на нивните процеси и функции за овозможување дигитални услуги кон граѓаните и стопанството. Општините, посебно малите општини, немаат ни човечки ни технички ни финансиски можности сами да го направат тоа. Наместо 85 посебни системски сали, треба да се делат ресурсите во еден државен податочен центар современ од секоја гледна точка.  Човечките ресурси во ИТ-секторите во институциите се ослабнати, намалени и речиси не постојат. Поради тоа, треба да се основа дигитална агенција, сите вработени во ИТ-секторите од сите институции да се вработат во таа агенција, во која ќе имаат конкурентни плати со приватниот сектор. На тој начин ќе се концентрираат кадри со потребни знаења од различни области кои ќе можат да се грижат за безбедно функционирање на информационите системи на институциите, а кои ќе овозможуваат дигитални услуги кон граѓаните и кон стопанството. Наместо да постојат над 1.500 супстандардни системски сали во незадоволителна состојба, потребите треба се да се опслужуваат од еден модерен државен податочен центар, направен по највисоки стандарди, во кој ќе биде сместена ИТ-опремата на сите институции. Тој државен податочен центар треба да биде реплициран во уште 2 идентични центри за случаи на непосакувана катастрофа („disaster recovery“), кои ќе можат да ја преземат работата во случај на нефункционирање на примарниот податочен центар. За оперативното функционирање на овој систем, треба да се грижа дигиталната агенција и нејзините вработени.

**Според последниот извештај на Народната банка, се зголемуваат штедните влогови на граѓаните во деловните банки и штедилниците и тие изнесуваат 5,5 милијарди евра, што е повеќе од едногодишен државен буџет. Дали сметате дека оваа практика е добра за македонската економија?**

Инфлацијата во последните години е двоцифрена, а за заштеди, и тоа ако се во денари и орочени на 12 или повеќе месеци, одвај се добиваат неколку проценти камата. Значи загубата во куповна вредност на средствата кои се штедат во овие услови е најмалку 10%. Во Македонија граѓаните како инструменти за чување на вредност користат купување недвижности (најчесто станови) и чување пари во банка. Последниот попис покажа дека во државата има 800.000 станови од кои 300.000 се празни, што значи дека не се ни издаваат. Трошоците за станот постојат по повеќе основи и ако не се издава, тие се чист трошок. Ако, пак ,се издава, повратот на инвестицијата е неколку децениски, што од гледна точка на бизнис не е толку добро.  Мое мислење е дека е подобро македонските граѓани да инвестираат повеќе во сопствени бизниси и во останати финансиски инструменти како акции на берза и удели во инвестициски фондови, се разбира преку соодветна финансиска едукација и без очекување за брзо збогатување.

**Македонија не е изолирана земја, сепак зависи од надворешните фактори, а ова особено важи за оние компании што зависат од увоз на одредени материјали. Колку влијаат врз домашниот бизнис актуелните војни во Израел и во Украина?**

Војната во Украина предизвика значителен пораст на цените на трите главни енергенси во 2022 година. Нафтата, гасот и електричната енергија ценовно беа на нивните историски максимуми и тоа истовремено. Една од последните светски економски кризи од крајот на седумдесеттите и од почетокот на осумдесеттите години од минатиот век беше предизвикана од енормното покачување на цената на нафтата во тоа време, во најголем дел предизвикано од политичките превирања во Иран и од смената на државното уредување во таа држава. Во 2022 ние имавме историски цени и на нафтата и на природниот гас и на електричната енергија истовремено, што беше надополнето со нарушениот глобален синџир на снабдување и незаздравена економија од ковид-пандемијата. Македонија е енергетски зависна земја во секој поглед, не произведуваме нафта и гас, а за жал, не произведуваме ниту доволно количество електрична енергија. Производството на државната ЕСМ опаѓа од година во година, што е посебен проблем за кој е потребна друга анализа. Во 2022 година македонските компании потрошија огромни средства за енергенси. Компаниите кои беа на слободниот пазар плаќаа и десеткратно повисоки цени на електричната енергија во одреден период од годината во однос на тоа што претходно било просечна цена. Компаниите на регулираниот пазар исто така плаќаа највисока цена за електричната енергија во регионот, што негативно влијаеше на конкурентноста на домашните компании. Тоа негативно влијание се гледа и низ бројките, Македонија во последните 3 години имаше најслаби економски перформанси споредено со земјите од Западен Балкан. Предвидувањата на Светска банка за економскиот раст на  земјите од Западен Балкан за следните 3 години повторно не става на последно место.

Нарушувањето на глобалниот синџир на снабдување е посебен проблем и претставува еден од најголемите недостатоци на глобализацијата. Отежнатото снабдување со репроматеријали, производи и резервни делови креира дополнителен трошок за компаниите кој се одразува повеќедимензионално.  Овие проблеми креираат и можности. Високите цени на електричната енергија во 2022 поттикнаа големи инвестиции во обновливи извори на енергија од страна на македонското стопанство. Нарушениот глобален синџир на снабдување води кон регионализација, наместо кон глобализација, а тоа за македонскиот бизнис може да биде потенцијална шанса и добитна комбинација.

# ОБРАЗОВАНИЕ
## Проф. д-р Виолета Миленковска, професор на Универзитетот Скопје



# МИЛЕНКОВСКА: СТОЛБ И ДВИЖЕЧКА СИЛА НА ЕДНО ОПШТЕСТВО Е ОБРАЗОВАНИЕТО

**Образованието е еден од најважните столбови во секое општество, а тоа почнува уште од мали нозе. Во Македонија веќе втора година, учениците наместо од учебници, учат од скрипти. Годината речиси е при крај, а книги недостигаат по многу предмети. Ковид-кризата го промени светот по многу основи, а донесе и поголема застапеност на онлајн-настава. Колку донесе новото време наместо поголемо знаење, осакатено образование за младите? Проф. д-р Виолета Миленковска, која предава предмети од областа на менаџментот на Универзитетот Скопје, смета дека само образована нација може да ги следи светските трендови и да се справи соодветно со сите предизвици.**



**„Најважен столб во едно општество и движечка сила како предуслов за развојот на секоја држава е, секако, образованието. Само образована нација може да ги следи трендовите во светската економија и брзо да реагира на сите предизвици кои секојдневно се случуваат на сите полиња. Не можете да очекувате развој на економски, научен, културен или кој било друг план ако немате развиено и модерно образование компатибилно на образовните системи во развиените држави“**, вели проф. д-р Миленковска.

Проф. д-р Виолета Миленковска, која 30 години има искуство во воспитно-образовниот процес во основното образование и во наставно-научната работа во високото образование, потсетува дека со политиките кои се спроведуваат подолг период, образованието не оди напред, а дека со секоја промена на политичката гарнитура одиме чекор поназад, со што денеска овој ресор стигна до колапс.

**„Не велам дека немаше позитивни примери или идеи како понатаму до реформирано образование, но тие се несуштински кога ќе се земе предвид тоа што ни се случува денес. Резултатот од сите реформски зафати, особено последните со избрзаната Концепција за основно образование, нестручна и изготвена без аналитички приод, се збунети ученици, немотивирани наставници и разочарани родители. Тука е и недостигот од задолжителната и законски пропишана литература. Иако постојано се ветува од страна на ресорното министерство, и понатаму недостигаат учебници по одредени предмети, а да не навлегуваме во квалитетот на постојните“**, вели проф. д-р Миленковска.

Непоправливата штета и последиците од пандемјата допрва ќе следуваат, смета проф. д-р Миленковска. Според неа, она што се случува во образованието ги надминало и најпесимистичките очекувања. Последиците од изгубеното учење за време на пандемијата допрва ќе  следуваат, пред сѐ преку образовно осакатени генерации кои наместо да учат од печатени учебници со нивна паралелна дигитална верзија на товар на државата, учат од скрипти што електронски ги печатат нивните родители, а што претставува дополнително оптоварување на домашниот буџет, посочува проф. д-р Миленковска.

**„Вака еродиран образовен систем немало досега, а пандемијата со ковидот која го зафати сиот свет, кај нас предизвика уште поголеми проблеми и го покажа вистинското лице на еден целосно неподготвен, заборавен или поточно уништен сектор кој многу тешко се справува со непланирани состојби. Иако надлежните постојано нѐ убедуваат дека македонското образование успешно ја надмина ковид-кризата, во реалноста и на секој кој е вклучен во овој процес, јасно му е дека ниту е, ниту беше така. Повторно ќе кажам дека последиците од тоа ќе следуваат и ќе не чинат многу во иднина. Како доказ на моето тврдење ќе наведам дека од една страна, ние како држава немавме ниту законски прописи за онлајн-настава и настава во слични состојби. Од друга страна, лошата материјално-техничка подготовка и набрзина подготвените планови и програми за работа во вакви услови, по што мораше да следува и брза реорганизација на наставата во услови на пандемија, доведоа до незадоволство и неквалитет во наставата, па дури и до дискриминација на одредена категорија деца“**, вели проф. д-р Миленковска.

**„Во истражувањата објавени од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, УНИЦЕФ и други, наведено е дека децата кои посетувале настава со физичко присуство во текот на учебната 2020/2021 година имале помалку тешкотии и покрај**





Проф. д-р Виолета Миленковска,
професор на Универзитетот Скопје.

**пократкото време на настава. Во извештајот се наведува дека над 70% од родителите на децата кои учеле на далечина, се изјасниле дека нивните деца никогаш не добиле никаква поддршка или ресурси за справување со социјалната изолација и дека никогаш не биле контактирани од службите. Наставниците, пак, за првата година од пандемијата велат дека не биле во можност да контактираат со некои од своите ученици во одреден момент од учебната година и јасно ги чувствуваат ефектите од исцрпеноста бидејќи морале да работат во слободното време само за да ги исполнат основните барања. Ова посочува дека додека учењето на далечина не е никаква новина и пречка во светот, кај нас стана проблем поради неподготвеноста и немањето визија како се планира и како се организира еден образовен систем во овој милениум, како потврда на мојата теза за еродираниот образовен систем“**, вели проф. д-р Миленковска.

Миленковска потенцира дека преку националната платформа и методот за учење од далечина се придонесе за унифицирање на наставата само за оние ученици што имаа пристап до интернет, но ранливите категории и одредена група ученици беа дискриминирани и покрај тоа што правото на квалитетно образование како составен и неизбежен дел од животот на секој човек е зацртано во Универзалната декларација за човекови права уште од 1948 година. Таа потсетува дек во нашиот законодавен систем, правото на образование е уредено во член 44 од Уставот, кој предвидува дека секој има право на образование кое е достапно за секого под еднакви услови.

**„Морам да потенцирам дека вината за сите пропусти и за вака осакатено образование не е во реализаторите на наставата,**

**односно наставниците, туку повторно во оние што се задолжени да креираат и да ја контролираат имплементацијата на образовните програми, да создаваат услови, но и да предвидуваат работа во изменети состојби како што беше ковид-кризата. Несредениот и колабиран образовен систем како клучна алка во општеството е само една од мноштвото причини за одлив на младите кадри надвор од татковината. Затоа, образованието треба да биде приоритет во сите идни владини политики за закрепнување и поправка на штетата предизвикана од пандемијата, но и од досегашните последици од експерименталните реформски зафати**", појаснува проф. д-р Миленковска.

Иако во минатото реформите беа постојани во изјавите на политичарите, во последно време ги нема ниту на зборови ниту во реализација. Кои реформи се потребни во овој ресор и дали се повеќе неопходни во основното или во средното образование?

**„Иако станавме алергични на зборот реформа, сепак е неопходно вистинско реформирање на веќе „реформираното" образование на сите нивоа. Да, реформите во образованието се потребни на секое ниво, почнувајќи од високото, па потоа во средното и најпосле во основното образование. Не можете да реформирате еден заклочен и уништен образовен систем ако не почнете да креирате кадар кој ќе биде подготвен да ги спроведе тие реформи. Тука мислам и на добри филтри за тоа кој може да работи со деца во училиштата, па дури и на некаков психолошки тест за нивна подобност. Таквите реформи што би го придвижиле напред македонското образование треба да бидат од политичка гарнитура подготвена да го стави образованието на заслуженото место, која ќе вложува во него и која ќе се грижи за неговиот развој. Пред сè, оној што го води ресорното министерство треба да биде докажана и стручна личност која ги поминала речиси сите скалила во образовниот процес и има јасна визија за значењето на овој столб во општеството. Досега имавме примери кога исти министри беа експерти и водеа секакви ресори, па и ресорот образование**", вели проф. д-р Миленковска.

Професор Миленковска смета дека целата образовна стратегија и клучни цели во реформирањето на еден образовен систем треба да предвидат добро осмислен и организиран реформски процес предводен од главните актери во одлучувањето, подготовката, изготвувањето и имплементирањето на реформите.

**„Пред сè, секаде во светот на реформите во образованието им се пристапува стратешки и со исклучителна внимателност со вклучување на сите засегнати страни и на експерти од сите области. Затоа, во одредувањето на правецот и на целта на образовните промени во тие реформски зафати треба да се водиме од искуствата на земјите кои се докажани и далеку пред нас во развојот на своите образовни системи, но приспособени и во интерес на нашите услови и потреби", потенцира проф. д-р Миленковска.**

Но, покрај учебниците, колку е важна и практиката? Стопанството постојано апелира до образовните власти да воведат поголема практика во образованието, да ги подготват младите за пазарот на труд. Дополнително, материјата подобро ќе ја совладаат.

**„На вашето прашање ќе одговорам со една реченица или со исто прашање: кој е постар, јајцето или кокошката? Секако дека одговорот лежи во подеднакво третирање на двата елемента како составен дел на еден успешен образовен систем. Онолку колку што е важно учењето, теоретската подготовка за изградување на здрава образована индивидуа, исто толку е важна и практиката, која треба да**



Проф. д-р Виолета Миленковска,
професор на Универзитетот Скопје.

**биде континуирана и да ја следи наставата во текот на целиот образовен процес. Производ на тој процес треба да биде млад човек кој ќе биде квалификуван, ќе се стекне со знаење, вештини и компетенции за работа во струката или полето што го избрал како свое занимање и е предмет на неговиот интерес. Само добро подготвена и едуцирана личност може да биде конкурентна на секој пазар на трудот и да не се грижи за својата егзистенција. Мојата генерација памети кога покрај наставата, имаше задолжителна практика за секој ученик под менторство на професор и вработен во организацијата каде што одвива практичната обука**“, објаснува проф. д-р Миленковска.

На тој начин, потсетува професор Миленковска, опстојуваа и старите занаети кои, за жал, полека изумираат иако се одлика и белег на традиционалните вредности на еден народ. Денес, постои законска одредба за практика на секој ученик или студент, но вели, сведоци сме на тоа дека таа се сведува само на формалности и на неефикасни процеси, а некои училишта не се ниту

***„Еден од проблемите со кои се соочува нашата земја, според проф. д-р Миленковска, е тоа што таа отсекогаш била миграциско подрачје, а трендот на отселување на младите луѓе не само што продолжува и денеска, туку значително се зголемува. Според неа, тоа е поразителен факт на кој треба да му се стави крај. Смета дека еден од начините е образование што ќе обезбеди сите млади луѓе целосно да се оспособат за исполнување на својата улога како активни граѓани во нашето општество. Од друга страна, младите треба да го сфатат своето образование како единствен и неизбежен начин кој дава можност за подобрување на сопствениот интелект, како мотивација и можност за изградба на подобра иднина за себе и за своето окружување“,*** **вели проф. д-р Миленковска.**

приближно подготвени да им ја обезбедат на своите ученици.

„За разлика од тоа, во мојата матична институција Универзитетот Скопје, уште од првиот ден на неговото основање, практиката е задолжителна и континуирана за сите студенти, во компании со кои имаме склучено договори. Практичното образование во работна средина е задолжително за сите студенти и како дел од професионалната практика, тие извршуваат задачи од областа за која се образуваат. Тоа е посебен дел од програмата за професионално образование, каде што студентите стекнуваат практично искуство за работа со клиенти, под надзор на квалификуван практичар. Практикумот со планираниот и интегриран пристап, гарантира дека практичното образование може да им обезбеди на студентите практично искуство и да ги зајакне и да ги консолидира аспектите на академскиот статус“, вели проф. д-р Миленковска.

„Професионалните едукатори се витален извор на информации, и овој процес вклучува високо ниво на соработка помеѓу универзитетите и компаниите во кои се одвива практиката за да се обезбеди дека квалитетот на практичното образование ги задоволува потребите на сите засегнати страни. Преку

**вклучувањето во практичната работа, голем дел од студентите продолжуваат понатаму со основање на работен однос во истите компании“**, појаснува проф. д-р Миленковска.

Миленковска во својата кариера има искуство со младите во образованието од своите почетоци, од основното каде што треба да се зацврстат навиките за учење, до денеска, во високото, во Универзитетот Скопје, каде што предава предмети од областа на менаџментот и на човечките ресурси. Какви политики за младите ни се потребни денеска?

**„Секоја сериозна држава невозможно е да ја игнорира сложеноста и важноста на прашањето со образованието и животот на младите и треба своите политики да ги насочи кон иднината, која несомнено ѝ припаѓа на младата популација. Интересот на општеството за младите и за значењето што го има нивното образование за целото општество е присутен во сите држави во светот, без исклучок. Но, кај нас на проблемот со образованието на децата и на младата личност многу често ѝ се пристапува парцијално, недоволно и експериментално, па дури понекогаш се сведува само на еден пилот-проект и моментален тренд. Аспектот на образованието сам по себе задолжително содржи и некои други прашања, како што е прашањето за иднината или подготовка за професија со реална перспектива за вработување. Државните власти и институциите на системот кои се најдиректно одговорни за тоа, треба да обезбедат и да гарантираат пристап до социјалните права на младите, особено во области како што се: образование, избор на професија, вработување, домување, здравство, информации и слично“**, вели проф. д-р Миленковска.

**„Еден од проблемите со кои се соочува нашата земја, според проф. д-р Миленковска, е тоа што таа отсекогаш била миграциско подрачје, а трендот на отселување на младите луѓе не само што продолжува и денеска, туку значително се зголемува. Според неа, тоа е поразителен факт на кој треба да му се стави крај. Смета дека еден од начините е образование што ќе обезбеди сите млади луѓе целосно да се оспособат за исполнување на својата улога како активни граѓани во нашето општеството. Од друга страна, младите треба да го сфатат своето образование како единствен и неизбежен начин кој дава можност за подобрување на сопствениот интелект, како мотивација и можност за изградба на подобра иднина за себе и за своето окружување“**, вели проф. д-р Миленковска.

**„Знаењето е најмоќното оружје на секој човек во секоја животна битка, кое никој не може да му го одземе. Преку образованието, покрај знаење и вештини, се стекнуваат и многу пријатели и убави искуства, и пред сè, повеќе можности за занимање и за сигурна егзистенција. Иако можностите да се работи во земјите на Европската Унија и да се заработи повеќе се многу поголеми, важно е да се разбере дека само дома среќата е поголема и само дома си свој на своето. Позитивната порака што сакам да им ја упатам на младите се однесува на тоа дека треба да ги издржат овие тешки времиња, да ги совладаат пречките што им се на патот и да се подготват за градење силно и здраво општество во иднина. Останете тука, едуцирајте се и работете во својата татковина помагајќи и нејзе, но и себеси. Со тоа ќе придонесете за развој на македонската економија, за подобрување на животот во Македонија. Бидете активен чинител во сите сфери на општеството и на општественото живеење, зашто само така ќе успеете да го остварите својот сон, со луѓето кои ви значат и на кои им значите“**, порачува проф. д-р Миленковска.



Посета на Кинескиот ѕид.

# КОЛУМНА

**Пишува: проф. д-р Јана Илиева, генерален секретар и професор на Универзитетот Скопје**

# ОД ПРЕДРАСУДИ ДО ВОСХИТ: ОТКРИВАЊЕ НА АВТЕНТИЧНАТА КИНА!



Во постојано растечкиот пејзаж на глобалното образование, потребата за ефективно управување со универзитетот никогаш не била покритична, особено за земјите во развој што се стремат да ги подобрат своите образовни институции. Како сведок на сложените предизвици со кои се соочуваат универзитетите во овие држави, неодамна остварив студиска посета во Кина, образовниот гигант што ја искористи моќта на институциите за да го реформира и за да го модернизира својот високообразовен систем. Земја што мудро ги вклопи традиционалните и културни вредности и наследени знаења во образовен систем приспособен на потребите на модерното време. Ова патување ми даде непроценлив увид во капацитетот на кинеските универзитети за управување и во помошта што државата им ги нуди на земјите во развој за да го подигнат квалитетот на своите образовни институции.

Како земја со долга традиција во високото образование, Кина го започна процесот на модернизација на својот високообразовен систем релативно доцна споредбено со државите од Западот, и тоа во средината на 19. век, првенствено преку контактите со тие држави. Како земја со над 5000-годишна историја и раскошна култура инспирирана од потрага по вистинското знаење и од стремежот кон совршенството, Кина го искористи своето длабоко вкоренето културно наследство за да го обликува својот пристап кон високото образование. Длабоката мудрост на нејзините антички филозофи, особено на Конфучие, не само што влијаела на етичките и на моралните принципи врз кои е поставено високото образование, туку има навлезено и во самата суштина на академските институции во оваа земја. Кинескиот високообразовен систем, цврсто втемелен во своите историски и културни вредности, се стреми кон хармонична рамнотежа помеѓу традицијата и модерноста. Тоа е доказ за посветеноста



Студиска посета на прочуениот Шангајски универзитет.

Едукативна посета на нафтени платформи во Тианјин, Кинеско Море.





на земјата да негува глобално конкурентни кадри кои иако ги прифаќаат иновациите и напредокот, остануваат длабоко поврзани со мудроста на своето културно наследство.

Кина е држава на најголемиот образовен систем во светот. Инвестициите во образованието изнесуваат околу 4% од вкупниот БДП на државата. Кина има повеќе од 2.500 високообразовни институции и има направено значителен прогрес во однос на пристапот до високото образование, со што само во 2021 година има продуцирано над 9 милиони дипломирани студенти. Кинескиот образовен систем има претрпено значителна трансформација во последните децении. Брзата експанзија и интернационализација на нејзините универзитети беа камен-темелник на нејзината образовна ренесанса. Ваквиот раст на високообразовните институции на земјата е мотивиран од многубројни фактори, меѓу кои можеби најзначајна е силната државна волја и политика да развие економија базирана на знаење и да го подобри човечкиот капитал на земјата. Сето ова е постигнато со огромни




Презентација на македонскиот високообразовен систем.

инвестиции во високото образование и од аспект на инфраструктура и од аспект на ресурси. За време на мојата посета, имав можност од прва рака да посведочам за динамичната природа на кинеските високообразовни институции. Со фокус на подобрување на квалитетот на образованието и на истражувачките капацитети на своите универзитети, Кина има направено огромни чекори и значителен прогрес во профилирањето квалитетни кадри, кои од друга страна придонесоа за подобрување на економската компетитивност на државата. Колеџите и универзитетите денес нудат врвна технологија за брзи железници, нуклеарна енергија, развој на вакцини, национална безбедност и за останати клучни области и активно учествуваат во развој на супер-компјутери, на сателитскиот систем Бејду и на вселенските летала Шенџу. Ова е јасен индикатор дека образовните реформи во државата се докажале како доста успешни.

Една од најклучните лекции за сите нас беше улогата на кинеската влада во обликувањето на политиките за високото

Со секретарот на Партискиот комитет за образование, Јианг Хонгуоу.



Колумна

образование и во обезбедувањето поддршка за институционален развој. Иницијативата „Двојна прва класа“ и „Проектот 985“ се главни примери за стратешкиот пристап на Кина за изградба на универзитети од светска класа. Овие иницијативи им овозможија на универзитетите да привлечат врвни таленти, да инвестираат во најсовремени истражувања и да поттикнуваат иновации. Една од значајните карактеристики на управувањето со кинеските универзитети е вклучувањето и на академските и на административните лидери во процесите на донесување одлуки. Колаборативниот пристап меѓу факултетот и администраторите ја покажува заедничката посветеност и синергија во создавање средина што поттикнува извонредност во наставата и во истражувањето.

Друг белег на кинеската високообразовна реформа е меѓународната соработка. Кинеските универзитети имаат склучено партнерства со институции од целиот свет, поттикнувајќи меѓукултурна размена и споделување знаење. Овој пристап не само што го збогати академското искуство, туку придонесе и за подобрување на глобалната положба на Кина во образованието.

Конечно, семинарот не само што понуди увид во кинескиот образовен систем, туку обезбеди и вредни лекции и најдобри практики за нас, земјите во развој, кои сакаат да го подобрат својот капацитет за управување со универзитетите. Како најважни би ги издвоила следните фактори на успех:

1. Државна поддршка: Силна посветеност на владата односно давање приоритет на образованието и креирање политики што ги поддржуваат високообразовните институции. Поддршката од владата е клучна за олеснување на растот и иновативноста на универзитетите.

2. Инклузивност: Вклучувањето и на академските и на административните чинители во процесите на донесување одлуки е многу важно за побалансирано и ефективно управување во оваа сфера.

3. Интернационализација: Градењето партнерства со странски институции може да обезбеди богато знаење и ресурси, како и да им помогне на универзитетите да постигнат меѓународно признавање и извонредност.

4. Долгорочна визија: Развивањето стратешка долгорочна визија за високото образование

Туристичка посета во Забранетиот град.



и истражување е од клучно значење за градењето силна академска основа.

Мојата студиска посета на Кина беше искуство што ги отвора очите. Посветеноста на Кина за унапредување на високото образование и на неговите структури на управување се навистина пример за светот. Разгледувајќи го искуството на Кина во реформите во високото образование и длабокото влијание на Конфучие и на неговото наследство во овој процес, станува очигледно дека има многу да се научи од оваа богата историја. Определбата на Кина да ги искомбинира традицијата и модерноста во својот пристап кон високото образование е вредна лекција за глобалната академска заедница. Тоа е доказ за важноста од зачувување на културните вредности и етика при прифаќање на напредокот и на иновациите. Нам, разгледувањето и усвојувањето на најдобрите практики во високото образование може да ни даде мотив и инспирација за создавање поинклузивен, етички и глобално конкурентен академски систем. Само во таква рамка на размена на знаења и идеи ќе имаме можност да создадеме посветла иднина за високото образование дома и во светот.



Дружење со колеги од сите континенти.

Традиционална кинеска невеста.






Цените на основните прехранбени производи ќе останат „замрзнати“ до Нова година.

# СЕ ГЛЕДА ЛИ КРАЈОТ НА ПОСКАПУВАЊЕТО НА ХРАНАТА?

**Инфлацијата се намалува со бавно темпо, а џебовите на граѓаните забрзано се празнат. Цените на основните прехранбени производи ќе останат „замрзнати“ до Нова година. Дали ќе го подобри ова и онака опаднатиот животен стандард на просечниот граѓанин во државата? Бројките покажуваат дека Македонците од ден на ден сè повеќе осиромашуваат. Да се наполни фрижидерот и да остане така до крајот на месецот, се чини стана национален спорт. Оние со најниски примања, меѓу кои и пензионерите, со месеци се веќе на улиците барајќи повеќе пари. Не само што не ги добија, туку Владата дури и се пофали дека се грижи за економските потреби на граѓаните.**

# ЕКОНОМИЈА



Откако во изминатово лето кулминираше незадоволството кај граѓаните од високите цени, Владата го определи 19 септември како датум кога ќе ги „замрзне“ цените на основните прехранбени производи. Ова не беше првпат Владата да се реши на ваков чекор. Во изминатава и во 2022 година во неколку наврати ги ограничуваше цените на производите за основна намена, ги замрзнуваше маржите, им даваше субвенционирана цена на струјата на производните компании, интервенираше кај горивата. И покрај тоа, инфлацијата лани достигна рекордни двоцифрени нивоа за првпат по пауза од 30 години.

Годинава, токму во најтоплиот период летово, разни категории од населението го кренаа својот глас поради сè повисоките цени, за кои тие сметаа дека се резултат на алчните апетити на трговците, а не на објективни фактори. Имаше и сè уште има многубројни протести, меѓу кои доминираат оние на пензионерите. Најстарата популација се жали дека живее на работ на сиромаштијата и дека по неколкудецениска работа е неприфатливо овие луѓе да немаат пари ниту за задоволување на најосновните потреби. Нивните примања се зголемија за едвај 6%, додека тие бараа 3.500 денари линеарно покачување за секој пензионер и минимална пензија од 18.000 денари. Револтот го подгреа и фактот што функционерите си ги покачија платите за 78%, додека за пензионерите, судските административци и останатите вработени во јавниот и во приватниот сектор остана само надежта дека примањата ќе им бидат зголемени.

**„Како не им е срам? 8 часа работиме и ние и судиите. Не може да има толку голема разлика во платите“**, рекоа на протестот на судската администрација.

**„Очекуваат да ги гласаме, како? За тие да продолжат да се богатат, а за нас трошките?“**, рекоа на протест на пензионерите.

**„Ние не бараме 78% покачување како што имаат политичарите, само линеарно колку да се покрие инфлацијата“**, рекоа пензионерите.

## ГАРАНТИРАНИ ЦЕНИ ДО НОВА ГОДИНА

Под притисок на јавноста, масовните протести и незадоволството на народот, Владата донесе одлука за намалување на цените на прехранбените производи за најмалку 10% и замрзнување на намалените цени. Одлуката се однесува на бел ориз, пченично брашно тип 400 и тип 500, бел и полубел леб, други пекарски производи, бисквити, наполитанки, тестенини, јунешко месо без коски, свинско месо без коски, мелено месо, свинско и јунешко, свежо или замрзнато пиле (цело), свеж или замрзнат пилешки стек, чаен колбас (јунешки, свински и говедски), пилешка посебна салама, паштета од џигер и пилешка паштета, трајно кравјо млеко (освен органско млеко и млеко со додатоци) со масленост од 2,8%, 3,2% и 3,5% во пакување од 1 литар, јогурт, кисело кравјо млеко, павлака од кравјо млеко, традиционално кравјо бело сирење и мешано бело сирење, традиционален кравји и мешан кашкавал, како и свежо овошје, зеленчук и јајца од кокошка.

Маркетите јасно ги обележаа производите кои имаат „загарантирана цена“.




Притоа, највисоките цени во малопродажба се утврдија на нивоата од 1 август, односно се намалија за 10%. Маркетите јасно ги обележаа овие производи со ознаката **„гарантирана цена“**. Дополнително, листата со намалени цени во маркетите се прошири и со газираните и негазираните сокови, газираната и негазираната вода и со пивото. Владата донесе и одлука за намалување на трговските маржи кај овошјето и зеленчукот, што требаше дополнително да ги спушти цените на овие производи.

**„Највисоката трговска маржа за овошјето и зеленчукот за сите трговски друштва и трговци кои учествуваат во трговскиот синџир во трговијата на големо се утврдува на вкупен износ до 10 проценти, а во трговијата на мало во вкупен износ до 15 отсто. Очекуваме цената на овошјето и зеленчукот да се намали за 30 проценти“**, рече тогаш премиерот Ковачевски.

## ГРАЃАНИТЕ НЕЗАДОВОЛНИ – СÈ Е ПО СТАРО

По извесно време, и акциите и промоциите се вратија во маркетите. На терен, ситуацијата е стабилна. Откако првите неколку дена маркетите беа во хаос бидејќи немаа доволно време да ги променат етикетите на производите, потоа немаа проблем. Сепак, голем дел од граѓаните останаа незадоволни. Обвинија дека исто како и во претходните наврати, трговците ја искористиле ситуацијата да ги складираат залихите за да ги продаваат потоа поскапо. Сите само гледале, но ретко кој купувал поголеми количини.

## БЕКТЕШИ СО ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ДО МАРКЕТИТЕ

Министерот за економија Крешник Бектеши, пак, ги предупреди синџирите на супермаркети да не кријат одредени давачки како што се трошоците за ракување, рекламирање и маркетинг. Тој истакна дека казните за такви практики ќе бидат значителни. Тој јасно стави до знаење дека Владата нема да се двоуми да преземе решителна акција, вклучително и привремено затворање на големите синџири на супермаркети ако е потребно.

Продавниците кои не ги намалија артиклите ќе бидат затворени 5 дена. Инспекторите најавија контроли и во маалските дуќани, а се казнуваат и дистрибутерите што намерно не вршат достава на овошје и на зеленчук.

## КРИТИКИ ЗА МЕРКИТЕ

Критики за мерките на Владата за сузбивање на инфлацијата дојдоа и од бизнис-заедницата и од експертите. Бизнис-заедницата бара реални, а не само популистички мерки на краток рок. Стопанството застана против мерката за гарантирани цени. Од компаниите велат дека граѓаните нема да живеат подобро, а ќе трпат фирмите.

**„Мерките кои ги намалуваат цените за еден, два или три денари, дури и го зголемуваат гневот кај потрошувачите. И ние навистина можеме со одредени мерки да го поттикнуваме нашето домашно производство, индиректно со одредени заштитни мерки за нашите производи, нашите граѓани да купуваат наши производи, така ќе се придонесе за сите“**, рече Миле Бошков, претседател на Конфедерацијата на работодавачи на Македонија.

И за економските аналитичари, замрзнувањето на цените не го решава проблемот, туку го одложува до наредното замрзнување.

**„На краток рок, можеби за да ги спречи очекувања инфлацијата да стане, како што викаме, да биде вградена во очекувањата на граѓаните. И сега е тешко да се реши. Ама намалување на инфлација со задржување на цени, практично не го решавате проблемот. Во меѓувреме, не само што ќе паднат профитите на приватните фирми, тоа е најмал проблем. Големиот проблем е што тие се снаодливи, па ќе има недостиг на пазарот, ќе се појави уште повеќе шверц, сива економија, и повторно најмногу ќе настрадаат најсиромашните граѓани“**, рече професорот Ванчо Узунов.

Претходно во делот на акции и на промоции реагираше и Организацијата на потрошувачи, од каде што посочија дека не треба да се укинат „акциите и промоциите“ низ маркетите затоа што со тоа купувачите се доведуваат во заблуда.

**„Знаеме дека замрзнувањето на цените е популистичка мерка и дека имаме пазарна економија, но во вакви ситуации не треба да се чека, треба да се излезе со точна процена и да се преземат мерки, зашто сè оди на товар и на штета на потрошувачот. За основните намирници мислам дека не треба ни да се зборува. Поради високите цени, многу граѓани купуваат производи со помал квалитет или со помала нутритивна вредност, а пристапот до основните прехранбени производи е елементарно човеково право. Потрошувачот мора да има пристап до основните потрошувачки добра, особено храната – млеко, сирење, путер“**, рече Маријана Лончар-Велкова од Организацијата на потрошувачи на Македонија.

## ЗГОЛЕМЕНА ПОВЛАСТЕНА СТАПКА НА ДДВ ОД 5% НА 10%

Она што ги збуни граѓаните е што Владата во исто време од една страна гарантира цени, а од друга ја зголемува повластената стапка на ДДВ за дел од производите од 5% на 10%. Едноставно, префрла пари „од шупливо во празно", па се скептици дека мерката ќе има каков било ефект. Под изговор дека ќе се зголеми стапката за илјадници таканаречени луксузни производи, Владата се обиде покрај перките од ајкула, на листата да протне и некои производи од секојдневната исхрана на граѓаните како на пример, банани, мусли, компир, сладолед, цвекло, феферонки. Премиерот имаше и една несмасна изјава кога се обиде да го оправда потегот на првиот финансиер Бесими држејќи лекции за здрава храна (дека јадењето чипс и сладолед не биле здрави и слично). По притисокот и негодувањата на народот, листата претрпе промени, но остана скептицизмот дека населението беше излажано.




Голем број секојдневни производи во исхраната „станаа" луксуз зесно со перките од ајкула.




На листата на луксузни производи се најдоа и витамини за деца и за трудници.

## ПОСКАПЕА И ВИТАМИНИТЕ И ПРЕПАРАТИТЕ ВО АПТЕКИТЕ

Во секојдневните препукувања околу цените на храната во октомври, се чини информацијата дека ќе поскапат и производите во аптеките им дојде како некој вид шок на граѓаните.

Во делот на луксузни производи влегоа витамини неопходни за раст и развој на доенчиња и деца, како и витамини за трудници и за возрасни за подигнување на имунитетот. 10% наместо 5% ќе се плаќа ДДВ и за мултивитамини, витамин Ц од 1.000 милиграми, разни пакувања со витамините Б, Д и Е и магнезиумот и железото. Поскапуваат и препаратите што се користат за поддршка на работата на црниот дроб, простатата, очите, ќесички со електролити. Секој кој редовно ги купува овие производи, знае дека набавките од аптека ќе чинат сега од 200 до 1000 денари повеќе месечно зависно колку вакви производи се купуваат и од кој бренд.

## ИМА ЛИ РЕЗУЛТАТИ?

Она што најмногу ги интересира граѓаните е дали даваат вaквите мерки и политики резултати, односно дали се намалува инфлацијата и за колку.

Гувернерката на Народната банка, Анита Ангеловска-Бежоска се пофали дека меѓу другите, и монетарните мерки имале ефект и придонес во падот на цените. Таа смета дека неколкукратното подигање на основната каматна стапка придонело кон намалување на домашната инфлација, но и дека треба да се продолжи со претпазливи политики.

**„Инфлацијата во домашната економија и понатаму забавува кај сите нејзини компоненти, и тоа посилно во однос на забавувањето на просечната инфлација во ЕУ. Сепак, новото глобално окружување и понатаму е придружено од многу предизвици за нашата економија, што наметнува потреба од внимателност на макроекономските политики и спремност за натамошно соодветно приспособување заради ценовната стабилност, што е и предуслов за одржлив раст“**, посочи гувернерката.

Според последните податоци, во октомври трошоците за живот се зголемиле за 3,5% во однос на ланскиот октомври. Особено е важен фактот дека се смирува растот на трошоците за храна, кои за една година, оваа во однос на ланскиот октомври, се зголемиле за 1%, но на месечно ниво (октомври во однос на септември) трошоците се намалиле за 3,8%. Намалување на индексите на трошоците на животот во октомври 2023 година во споредба со претходниот месец е забележано кај млекото за 10,1%, јајцата за 9 %, свежиот и разладениот зеленчук освен компирите и другите коренести плодови за 8,6%, минералната вода, газираните пијалаци, соковите од овошје и зеленчукот за 6,4%, свежото и разладеното овошје за 5,2%, пивото за 4,3%, сирењето и урдата за 4,1%, месото за 3,4%, лебот и житата за 3,3% и маслото и маснотиите за 0,9%.

Трошоците на живот, пак, во првите 10 месеци биле повисоки за 10,7% споредено со првите 10 месеци во изминатата година. Притоа, храната била поскапа за 14%, мебелот за 14,8%, облеката и обувките за 4,4%, а трошоците за комуналии за речиси 12%.

**„Мерките на Владата даваат резултат. Стапката на инфлација во октомври изнесува 3,5% и е преполовена во споредба со претходниот месец, кога растот на трошоците за живот изнесуваше 6,6 %. Трошоците за живот во делот на храна и на безалкохолни пијалаци во октомври бележат раст од 1%, што е драстично намалување во споредба со 7,8% пресметани во претходниот месец“**, објави на својот профил на Фејсбук министерот за економија, Крешник Бектеши, откако Државниот завод за статистика ги објави индексите за трошоци за живот и цени на мало за октомври 2023 година.

**Трошоци за живот и цени на мало за храна и безалкохолни пијалоци.**




*Извор: Завод за статистика*

**Индекс на трошоците на живот, октомври 2023 година**

| | Структура Structure | X 2023 / Ø 2022 | X 2023 / IX 2023 | X 2023 / X 2022 | I-X 2023 / Ø 2022 | I-X 2023 / I-X 2022 | X 2023 / XII 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНО** | **1000.0** | **110.1** | **98.5** | **103.5** | **109.2** | **110.7** | **103.3** |
| **Храна и безалкохолни пијалаци** | **409.0** | **111.6** | **96.2** | **101.0** | **111.8** | **114.1** | **102.1** |
| Храна | 382.2 | 111.8 | 96.2 | 100.7 | 111.9 | 114.3 | 102.0 |
| Леб и жита | 83.5 | 113.0 | 96.7 | 98.6 | 113.2 | 116.6 | 98.7 |
| Месо | 90.5 | 115.4 | 96.6 | 104.9 | 116.4 | 119.4 | 102.4 |
| Риба и морски плодови | 13.3 | 111.9 | 101.2 | 106.8 | 109.4 | 111.0 | 104.7 |
| Млеко, сирење и јајца | 78.2 | 109.5 | 93.6 | 94.6 | 113.3 | 116.9 | 95.4 |
| Масла и масти | 15.1 | 77.3 | 99.1 | 72.1 | 84.6 | 84.6 | 79.1 |
| Овошје | 20.8 | 121.6 | 95.9 | 111.2 | 110.2 | 110.1 | 124.5 |
| Зеленчук | 46.5 | 111.9 | 92.9 | 104.5 | 111.4 | 112.3 | 111.8 |
| Шеќер, џем, мед, чоколада и кондиторски производи | 18.7 | 113.0 | 102.4 | 107.1 | 108.3 | 109.7 | 106.3 |
| Прехранбени производи, неспоменати на друго место | 15.8 | 115.4 | 101.8 | 109.9 | 111.8 | 113.5 | 106.9 |
| Безалкохолни пијалаци | 26.8 | 108.7 | 97.0 | 105.7 | 110.2 | 111.3 | 102.8 |
| Кафе, чај, какао | 13.4 | 114.5 | 100.4 | 111.2 | 112.3 | 113.4 | 107.7 |
| Минерална вода, безалкохолни пијалаци, сокови од овошје и зеленчук | 13.4 | 103.0 | 93.6 | 100.3 | 108.1 | 109.2 | 97.8 |
| **Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици** | **46.5** | **108.6** | **99.5** | **107.1** | **107.0** | **107.4** | **106.6** |
| Алкохолни пијалаци | 12.8 | 109.7 | 98.0 | 106.1 | 109.9 | 111.0 | 104.4 |
| Жестоки пијалаци | 2.6 | 112.3 | 101.4 | 111.2 | 108.7 | 109.7 | 107.4 |
| Вино | 2.8 | 114.9 | 101.0 | 111.1 | 111.3 | 113.1 | 106.0 |
| Пиво | 7.4 | 106.8 | 95.7 | 102.6 | 109.8 | 110.7 | 102.7 |
| Тутун | 33.7 | 108.2 | 100.0 | 107.5 | 106.0 | 106.1 | 107.5 |
| Облека и обувки | 62.7 | 106.2 | 100.8 | 104.3 | 104.0 | 104.4 | 103.9 |
| Облека | 37.0 | 107.4 | 100.5 | 105.0 | 105.4 | 105.9 | 104.5 |
| Ткаенини за изработка на облека | 0.1 | 109.0 | 100.0 | 108.0 | 104.3 | 104.5 | 108.0 |
| Облека | 35.8 | 107.1 | 100.5 | 104.7 | 105.1 | 105.6 | 104.4 |
| Друга облека и додатоци за облека | 0.4 | 105.6 | 100.0 | 104.7 | 105.4 | 105.7 | 104.0 |
| Чистење, поправка и изнајмување облека | 0.7 | 123.8 | 100.1 | 122.9 | 119.4 | 122.4 | 110.2 |
| Обувки | 25.7 | 104.5 | 101.2 | 103.2 | 102.0 | 102.3 | 103.0 |
| Чевли и други обувки | 25.7 | 104.5 | 101.2 | 103.2 | 102.0 | 102.3 | 103.0 |

*Извор: Завод за статистика*

**Индекс на трошоците на живот, октомври 2023 година**

| | X 2023 / Ø 2022 | X 2023 / IX 2023 | X 2023 / X 2022 | I-X 2023 / Ø 2022 | I-X 2023 / I-X 2022 | X 2023 / XII 2022 | I-X 2023 / XII 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 110.1 | 98.5 | 103.5 | 109.2 | 110.7 | 103.3 | 102.4 |
| Храна и безалкохолни пијалаци | 111.6 | 96.2 | 101.0 | 111.8 | 114.1 | 102.1 | 102.3 |
| Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици | 108.6 | 99.5 | 107.1 | 107.0 | 107.4 | 106.6 | 105.1 |
| Облека и обувки | 106.2 | 100.8 | 104.3 | 104.0 | 104.4 | 103.9 | 101.7 |
| Домување, вода, електрична енергија, гас и други горива | 111.6 | 99.9 | 105.3 | 110.1 | 111.6 | 104.1 | 102.7 |
| Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата | 115.2 | 100.1 | 110.3 | 113.1 | 114.8 | 106.7 | 104.8 |
| Здравствена заштита | 106.4 | 100.6 | 105.0 | 104.1 | 104.5 | 104.4 | 102.1 |
| Транспорт | 101.5 | 99.3 | 100.6 | 100.5 | 100.9 | 99.2 | 98.2 |
| Комуникации | 100.5 | 100.1 | 100.2 | 100.7 | 100.8 | 100.0 | 100.3 |
| Рекреација и култура | 107.2 | 99.8 | 108.1 | 106.3 | 106.6 | 104.9 | 104.0 |
| Образование | 103.0 | 100.2 | 102.9 | 102.9 | 103.0 | 102.8 | 102.7 |
| Ресторани и хотели | 115.3 | 100.0 | 106.9 | 112.1 | 114.0 | 106.3 | 103.4 |
| Разновидни стоки и услуги | 113.5 | 101.1 | 109.0 | 111.1 | 112.5 | 106.1 | 103.7 |

*Извор: Завод за статистика*

## ЦЕНИТЕ ВО ЕУ РАСТАТ

Цените на храната во Европската Унија продолжија да растат и годинава. Убедлив рекордер е маслиновото масло кое во септември поскапело за 75% во период од две години и 9 месеци.

Податоците за вториот и третиот квартал на европската статистичка служба Евростат покажуваат дека цените на јајцата, путерот и на компирот во ЕУ растеле нешто побавно од порано, додека цената на маслиновото масло постојано расте. Од јануари 2021 до септември годинава, компирот поскапел за 53%. Јајцата биле поскапи за 37% во септември отколку во јануари 2021 година. Нивната цена се стабилизирала во првите два квартали од 2023 година, а одредено намалување било забележано во август и во септември.

И цените на путерот рушат рекорди. Врвот на растот бил забележан во декември 2022 година, кога цените на храната биле за 44% повисоки од јануари 2021 година, по што тие постепено забавуваат. Во септември путерот бил поскап за 27% од почетокот на 2021 година.

Инфлацијата во Еврозоната се спушти на 2,9% во октомври споредено со 4,3% во септември. Притоа најголеми стапки на инфлација бележат Словачка, Хрватска и Словенија од 7,8%, односно 6,7% и 6,6% соодветно.

## ИНТЕРВЈУ СО ИВАН ЈОРДАНОВ

*Градоначалник на Општина Штип*



# ГРАЃАНИТЕ НА ПОСЛЕДНИТЕ ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ПОБАРАА ПРОМЕНИ И СЕ НАДЕВАМ ДЕКА ТИЕ СЕ ВЕЌЕ ВИДЛИВИ!

М-р Иван Јорданов на локалните избори во 2021 година во прв изборен круг е избран за градоначалник на Општина Штип како кандидат на ВМРО-ДПМНЕ.

Живеејќи во Штип во континуитет, добро ги запознал своите сограѓани, нивниот менталитет, нивните проблеми и потреби. Поаѓајќи од своите демохристијански убедувања, тој се води според високи морални и етички норми и го гради концептот на своето живеење и работење токму врз високи морални принципи. Својата визија за подобро уреден, чист и зелен град, кој ќе биде подобро место за живеење, ја пренесува во својата програма за градоначалник.



Иван Јорданов, градоначалник на Општина Штип.



**На локалните избори во 2021 година ја добивте довербата на граѓаните на Штип во првиот изборен круг. Најавивте планови за градот, сите со една цел – подобрување на секојдневното живеење на сите граѓани. Колку сте задоволни од сработеното? Ја исполнивте ли зацртаната цел за овој период?**

Граѓаните на последните локални избори испорачаа потреба од промени, се надевам дека тие промени веќе се видливи. Секако дека секогаш може подобро, но со оглед на околностите и разликите со централната власт, се чувствувам исполнет со самата помисла дека даваме сè од себе да најдеме решение за проблемите со кои се соочуваат граѓаните секојдневно и воедно да генерираме развој на градот со реализација на проекти од суштинско значење.




Јорданов: „Многу проекти што денес се реализираат биле потреба на граѓаните во минатото“.

**Иако сте релативно млад, не заборавивте на децениските проблеми на Вашите сограѓани. Влезовите на неколку станбени згради по пауза од 45 години добија нов асфалт. По 50 години, во Штип ќе ја промените водоводната линија. Дали ги сметате овие проекти за најголем пораз на Вашите претходници, а Ваш најголем успех досега, пред сè како жител на градот?**

Многу проекти кои денес се реализираат биле потреба на граѓаните во минатото. Ова се само дел од тие што се реална потреба на граѓаните. Во секој случај, граѓаните на Штип заслужуваат многу повеќе.

**Градежната офанзива Ви е приоритет во наредниов период. Кои се планираните проекти поврзани и со функционалната сообраќајна целина и со решавање на метежот во центарот на градот?**

Решавањето на проблемот со сообраќајниот метеж во централното градско подрачје е наш приоритет. Затоа започнавме со проширување на главните сообраќајници преку изградба на конзоли на река Отиња, како и создавање повеќе места за паркирање со изградба на две катни гаражи. Во насока на решавање на овој проблем, изградивме нов мост на реката Отиња, набавивме нови автобуси и конечно по неколку децении, воспоставивме јавен градски превоз.

**Истакнавте дека Ваша цел е да се грижите за сите категории на граѓани. Тоа и го потврдивте. Го отворивте зоолошкиот парк „Бриони“ за најмладите, направивте повеќенаменски центар за сите генерации, го вративте имиџот на Домот на младите. Не ги заборавивте ниту љубителите на спортот, па до крајот на годината градот ќе добие модерен и репрезентативен стадион со категоризација за натпревари и од**



Јорданов: „Го отворивме зоолошкиот парк ‚Бриони‘ за најмладите“.

**највисок ранг. Се добива впечаток дека сте преполни со идеи за во иднина. Како Ви успева, на кој начин доаѓате до средства?**

Градот Штип отсекогаш имал голем потенцијал, проектите кои ги споменавте и кои се во фаза на спроведување и планирање многу одамна требало да бидат реализирани. Желбата и мотивот да се направи Штип подобро место за живеење се причина за промените и за реализацијата на буџетот.

**Каква е соработката со централната власт со оглед на тоа дека сте градоначалник од опозицијата? Има ли слух за Вашите идеи или проблеми?**

Граѓаните на Штип се казнети од централната власт затоа што на последните избори гласаа против владејачката партија. Средствата од централната власт кои им следуваат штипјани наменски се задржуваат во централниот буџет со цел да му се наштети на општинскиот буџет. Првата општинска обврзница наменета за капитални инвестиции втора година е закочена и заглавена во Владата.

**Штип е град на текстилот, а гласот на текстилниот работник често одекнува во јавноста. Најдовте ли начин да се создаде силен текстилен сектор со квалитетни и иновативни продукти, кои ќе привлечат нови инвестиции и кои ќе бидат препознаени во глобалниот текстилен сектор?**

Во рамките на нашите надлежности како локална самоуправа, секогаш се трудиме да му излеземе пресрет на текстилниот сектор. Соработуваме и со невладиниот сектор кој се занимава со оваа проблематика, и главно проблемот кој го има овој сектор е со работната сила. Од разговорите кои ги имаме и со текстилниот и со невладиниот сектор, детектирано е дека младите сè помалку се



Јорданов: „Младите сè помалку се препознаваат во текстилниот сектор“.



препознаваат во овој сектор, па следствено на тоа и се намалува продуктивноста на конфекциите.

Повторно ќе напоменам дека, согласно со моите надлежности, секогаш ќе настојувам да им бидам поддршка на текстилните работници и сум расположен да соработуваме со цел овој сектор непречено да функционира.

**Вредни сте, прагматични и цврсто се држите до бизнис-стратегијата. Има ли тука место за емоции?**

Функцијата која ја извршувам е доста динамична, па во текот на денот јас и мојот тим се соочуваме со разни предизвици. И покрај посветеноста, потребно е трпение и мудрост да се донесат вистинските одлуки. Емоциите кон мојот град се мој двигател секојдневно да го давам максимумот од себе, но кога се работи за праведност и работа, не постои место за емоции.

**Колку сте врзани за музиката и за Макфест? Дали беа емоциите причина да**



Јорданов: „Штипјани се емотивно приврзани за фестивалот Макфест“.

**направите уште едно гламурозно издание иако добивте минимална поддршка од Министерството за култура?**

Штипјани се емотивно приврзани за фестивалот Макфест бидејќи покрај штипската пастрмајлија, нашиот град е препознатлив и по брендот и традицијата што ја има Макфест. Покрај тоа што не добиваме поддршка од Министерството за култура, решивме да го ребрендираме фестивалот и да му дадеме нов, урбан и модерен изглед. По реакциите кои ги добиваме за последните 2 изданија, мислам дека успеавме во намерата.

**Да се биде на чело на еден од најзначајните градови во земјата е навистина голема одговорност? Како се ослободувате од стресот?**

Се трудам секое слободно време што ми го дозволува работата да му го посветам на семејството и да изгледам некој спортски натпревар со пријателите. Тоа најмногу ме релаксира пред да им се вратам на работните обврски.

**Пастрмалијада е симбол на градот од повеќе аспекти. Дали сте присутен на настанот од најмала возраст? Знаете ли сами да приготвувате пастрмајлии?**

Со текот на времето, штипската Пастрмалијада стана препознатлива во државата, но и во регионот, и од самите почетоци, како и повеќето штипјани, присутен сум на оваа манифестација. Што се однесува до приготвувањето на пастрмајлија, не сум пробал самиот да направам, а мислам дека таа работа треба да им ја оставиме на штипските мајстори.

**Ве промени ли новата функција? Кој е Јорданов надвор од градоначалничката фотелја? Што Ве прави среќен, имате ли хоби?**

Веројатно ќе бидам субјективен во одговорот, се надевам и посакувам да нема промена во мојот карактер. Среќен и исполнет се чувствувам секогаш кога сум опкружен со позитивна енергија.




Јорданов: „Се трудам секое слободно време кое ми го дозволува работата да му го посветам на семејството".



# КУЧКОВО - ПРИРОДА И ЧИСТ ВОЗДУХ, „ЗЛАТНО БУРЕ“ - БРЕНД ЗА ВКУСНА ТРАДИЦИОНАЛНА МАКЕДОНСКА ХРАНА



**Природа и чист воздух зачинети со вкусна традиционална храна. Ова за голем број граѓани е поим за добро поминат викенд, слободен ден или празник. Да се ужива максимално во благодетите на животот и за момент да се заборави на секојдневните обврски. Изборот каде да се оди во Македонија е голем, на исток, запад, север или југ – на сите страни од земјава има разноразни угостителски објекти, за секаков вкус и за сечиј џеб. Потребни се само желба, слободно време и пари. Во изминативе години, многу угостители инвестираат во таканаречени етноресторани, каде што се служи традиционална македонска храна. Вакви концепти се сè повеќе атрактивни, не само за странските туристи што се насладуваат на нашата храна, туку и за домашните гости кои сè повеќе поради брзиот начин на живот, ретко подготвуваат традиционална храна, за која треба умешност, енергија и време.**



„Златно буре“ - прекрасен амбиент на падините на Скопска Црна Гора.

Затоа, задоволството е големо кога ќе седнете во еден ваков ресторан и ќе пробате овчо сирење од бачило, пинџур, домашно подготвена пита и други специјалитети. Честопати посетителите бараат локација што не е далеку од градската средина, а е во природа. Едно од таквите места е селото Кучково, оддалечено само 16 километри од центарот на Скопје. Таму се наоѓа „Златно буре“, етноресторан што се протега на 6000 м2 и е изграден во традиционален македонски стил. Дојдовме и разговараме со сопственикот Здравко Добревски, кој пред неколку години инвестирал во својата идеја за етноресторан и покрај предизвиците со кои се соочува, како лошата инфраструктура, проблемите со електричната енергија и константниот недостиг од работа сила.

**„Во Македонија нема море, има три езера, единствена опција за туризам ни е ваков етнотуризам, да ги видат луѓето убавините на Македонија. Мислам дека има перспектива. Многу луѓе сакаат да излезат надвор од градската средина на чист воздух. Тука видов некоја перспектива и затоа се решив да инвестирам во ваков вид туризам. Кучково е близу до Скопје, само 16 км сме оддалечени од центарот, воздухот е чист, на надморска височина сме од 500 до 700 метри, не е загадено, а близу до главниот град, така што на луѓето им е лесно да дојдат овде, да јадат убава храна и да дишат чист воздух. Граѓаните овде може да дојдат најмногу да ја почувствуваат природата, имаме добра и квалитетна храна и мислам дека сме најголем капацитет во близината на Скопје од овој тип ресторани. За време на викендите и**

**празниците имаме голема посетеност, имаме капацитет да примиме околу 600 гости, плус задниот дел од ресторанот, каде што организираме прослави, свадби, журки, настани“**, раскажува сопственикот.

**„Во Кучково има манастир, Свети Ѓоргија од 13 век, луѓето доаѓаат да го посетат, има други цркви и манастири, има и крст во Кучково, не е голем колку тој на Водно, но е исто така автентичен. Ова всушност е завршетокот на Шар Планина. На овој дел има убава природа, има водопади на 3,5 километри од крстот, има патека за велосипеди и пешаци. Во план е да се организираат тури со коњи, има убави патеки што не се многу напорни. Сакаме да влеземе на мапата на туристите што го посетуваат Скопје, да дојдат да го посетат и Кучково, со тура до манастирот, до водопадите, ама за тоа треба време и добра подготовка за реализација“**, вели Добревски.

Граѓаните имаат желба барем еднаш во неделата да си дозволат да посетат некој ресторан. Но, секако, за тоа се потребни и финансии, кои во последно време сè помалку ги има поради скапиот живот и нискиот стандард на граѓаните. Тоа директно го чувствуваат и угостителите, кои велат дека клиентите седат во ресторани, но нарачуваат сè помалку храна.

**„Тешко, не можеме адекватно да ги зголемиме цените колку што се покачуваат производите затоа што стандардот на луѓето остана ист. Ако ги коригираме цените, нема да може никој да си дозволи да доаѓа во ресторан. Ние сме голем капацитет и мора да имаме прифатливи цени за да го исполниме објектот. Многу тешко време за бизнис и работа, но назад нема и мора да се работи. Инфлацијата си го прави своето, сите енергенси поскапеа, некои двојно, а платите на луѓето им останаа исти“**, вели Добревски.

Освен гости од земјава, комплексот во Кучково го посетуваат и странски туристи, кои, пак, за нашата храна велат дека никаде не пробале нешто повкусно, вели сопственикот на „Златно Буре“.

**„Ние како етноресторан, се трудиме да имаме јадења што се препознатливи како македонски, традиционални, наши јадења. Имаме неколку такви специјалитети, како чорба „Златно буре“, тоа е стар македонски рецепт со димени ребра, па имаме тава „Златно буре“, традиционално македонско јадење, потоа шарската плескавица е препознатлива, пастрмајлијата – тоа е нешто што го има само во Македонија, не се прави ниту во Србија, Албанија, Грција, Бугарија, туку се прави само кај нас. Имаме печка на дрва каде што ги спремаме тие пастрмајлии или гравче-тавче, пинџури, макала, салати што останале како традиционални македонски. Секогаш кога доаѓаат странци, сакаат да пробаат нешто што е наше, што го нема на друго**

„Златно буре“ располага со капацитет од повеќе од 600 гости.



**место, а тоа на пример е овчото сирење, ние го купуваме од бачило од Дебарско, квалитетот е со години ист. Сите сакаат да ја вкусат нашата храна, странците многу се воодушевуваат од вкусот на традицијата, дури велат дека никаде не пробале нешто повкусно и мислам дека се искрени“**, раскажува Добревски.

За да се задоволни гостите, услугата мора да биде комплетна, а тоа, пак, вклучува и доволен број персонал. Тоа во моментов е рак-рана на сите што работат во угостителскиот сектор, вели Добревски и потенцира дека во решавањето на овој проблем треба да се вклучи и државата, затоа што според него, увозот на работна сила од трети земји не е решение.

**„Имаме огромен недостиг, посебно годинава не можевме да го исполниме капацитетот на ресторанот затоа што немавме келнери и готвачи. Недостига работна сила и тоа е проблем што не можеме да го решиме. Не можеме да даваме плати како во Хрватска или во Италија, каде што одат нашите келнери, и немаме решение за тоа. Дневниците се зголемени, ама луѓе за работа во угостителството нема. Имаме закажано на пример свадби, настани, па работиме и ние самите. За викенд, на пример, ни требаат 15 келнери, никогаш сме немале толку, а настаните си ги закажал. И на крај, на пример, за 2 Август и јас бев келнер, и цел простор го изработивме со седум келнери. Не можеме да даваме плата како во Хрватска, оти таму, на пример, на една маса сметката е 2000 евра, а плус келнерите се платени и кога не работат во текот на зимата. Ние немаме никаква заштита од државата, едноставно, нема да дојде три дена на работа и треба да го одјавиш. Чисто добра волја на работникот е дали ќе биде лојален. Не е решение да се увезуваат од Пакистан, подобро е да се задржат сопствените луѓе“**, констатира Добревски.

И секако, овие инвестиции би биле комплетни

Комплексот во Кучково подеднакво атрактивен и за домашните и за странските посетители.





„Златно буре" е изграден во традиционален македонски стил.

Ресторанот овозможува пријатен престој особено во текот на летните горештини.



ако не мора да разговараме за проблемите со кои се соочуваат не само сопствениците на вакви објекти, туку и граѓаните од ова место. Тие проблеми секако ни се добро познати – лошата патна инфраструктура, проблеми со електричната енергија, како и водоводната мрежа.

**„Најголем проблем овде во комплексот е струјата. Местово се гради и се проширува, се прават викендици, а ниту мрежата ниту станиците не се адекватни во однос на побарувачката. Кога се присутни луѓето во селото, напонот паѓа и до 170 волти. Се доведуваме до ситуација фрижидерите да работат, а да не ладат, фритезата работи, ама не може да постигне температура, нема доволно напон. Тоа се работи што не можеме ние самите да ги решиме и да ги направиме. Тоа се големи инвестиции, тоа би требало да е работа на државата, општината, ЕВН, а оттаму немаме никаква поддршка. Има водоводна мрежа, ама горе во селото. Ние не сме на тој водовод,**

**далеку сме, па имаме сопствени бунари и базенот го полниме од бунарите. Одвод нема, со јами работиме. Значи струја, вода, одвод, пат – ништо од тоа не е докрај решено. Тие инфраструктурни работи што се фактички работа на државата треба да се решат. Од власта не сме разговарале со никого, никој не дошол ниту да не праша, со локалната власт сме разговарале, колку што им дозволуваат финансиите, толку можат да направат.**

Ваквите инвеститори како Добревски велат дека воопшто не се каат затоа што ги вложиле своите пари во овој бизнис, оти се оптимисти дека има можности за развој. Но, истовремено, потенцираат дека државата е таа што треба да обезбеди услови за да продолжат и други да инвестираат.

**„Според мене, Кучково е перспективно, има многу можности, многу работи што може да се направат. Државата треба да обезбеди услови за да продолжи некој да инвестира во местово, само тоа треба да се направи. На пример, Швајцарија е мала држава, ама цела година има летен туризам, скијање, термални води. Наместо во Македонија, ние оставаме пари во Банско и во разни скијачки центри. Никој не се заинтересирал да направи нешто во Скопје, а има многу можности, но потребни се стратегија и проекти. Јас секогаш сум оптимист и се надевам на подобри времиња, се бориме. Јас си ги сакам државата и народот“**, вели Добревски.

Добревски не застанува тука со својата инвестиција. Вели дека има уште идеи што сака да ги реализира во иднина. Во својот план за развој предвидува изградба на нови бунгалови, размислува и за изградба на адреналински и аквапарк, како и организирање тури со коњи. Дека местото е атрактивно за посета, зборува и фактот дека во еден ден, комплексот го посетиле дури 2000 гости.

„Златно буре“ поседува мини детски парк, но истовремено е и гостопримлив за домашни миленици.



# УШТЕ ЕДНА НАГРАДА ЗА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ!



**Универзитетот Скопје секогаш ги поддржувал развојот на младите и на општеството. И во убави и во тешки времиња, им подава рака на младите, на талентираните, на амбициозните да создаваат нови вредности.**

На 16-тиот роденден на естрадниот магазин „Бекстејџ“, Универзитетот Скопје доби награда за безусловната поддршка на македонската музичка сцена.

М-р Љупчо Миленковски му се заблагодари на „Бекстејџ“ и рече дека ова признание е доказ за успешната работа на Универзитетот.




Универзитетот Скопје доби награда за безусловна поддршка на македонската музичка сцена.



Миленковски: „Патот не е лесен, но задоволството е големо кога се поддржува нашата Македонија.“



Задоволстввото е најголемо кога успехот се споделува со колегите.



**,,Универзитетот продолжува и понатаму да ги поддржува македонската музика и македонските автори, да се гордееме со секој нивни успех. Патот не е лесен, но задоволството е големо кога ѝ се помага на нашата Македонија“**, порача м-р Миленковски.

Тој им се обрати на присутните заблагодарувајќи им на сите што гласале за Универзитетот и воедно го препознале како институција што постојано и во минатото и сега, но и во иднина ќе продолжи да го поддржува сето она што е македонско од Република Македонија.

Вечерта беа доделени многу награди во повеќе категории. На екипата на „Бекстејџ“ им посакуваме уште многу вакви родендени и уште многубројни емисии што ја поддржуваат македонската музичка сцена.





Универзитетот Скопје продолжува да ја поддржува македонската музика.

THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation
certifies that

## University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for* ***three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

---

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

## University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO
CERTIFIED
tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy



# СВЕТЛАНА ПЕНШОВСКИ, НАЈДОБАР МАГИСТЕР ВО 2023 ГОДИНА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ



ПЕНШОВСКИ: ***Соработката секогаш беше беспрекорна, непосредна и многу професионална***

Триесет и деветгодишната Светлана Теншовски е магистер по менаџмент на човечки ресурси на Универзитетот Скопје, а на свеченото доделување на дипломите ѝ беше доделена почесна титула MAGNA CUM LAUDE. Нејзиниот магистерски труд е со наслов „**Следење на вредносниот систем на вработените во функција на обезбедување квалитет во работата**“.




Пеншовски: „Целокупниот наставен кадар на Универзитетот Скопје е апсолутно квалификуван за менторската улога."

**„Согласно насловот, трудот претставува истражување спроведено во функција да се докаже дека ако се следи вредносниот систем на вработените, ќе се обезбеди квалитет во работата. Инспирацијата дојде со самата категорија, која ми се чини дека е занемарена во истражувањата, па се мотивирав во интересен предизвик, кој ќе донесе нова и свежа перспектива во професионалните релации. Како елементи од множеството вредносен систем што се од интерес на ова истражување се земени: генеративноста, социјалната осаменост, задоволството од сегашната работа, ригидноста односно флексибилноста и, секако, квалитетот во работата. Бев мотивирана од фактот дека сите вработени, освен професионалното портфолио, со себе носат и индивидуални карактерни особини, кои значително можат да бидат од полза и во склад и со работната позиција"**, вели Пеншовски.

Успехот често подразбира учење од оние што веќе ги достигнале своите цели. Неверојатен благослов е да се има врвен ментор, кој ќе ве поттикне да бидете успешен. Истовремено ќе одвои време да размените мислења, за поголема мотивација. Таков ментор ретко се среќава, но не и на Универзитетот Скопје.

**„Ментор не може да биде кој било. Пред сè, таквата личност мора да има способности, знаења и компетенции, а воедно и одлични комуникациски вештини. Во однос на менторството, Универзитетот Скопје беше подготвен и веќе имаше поставено основа за успешен трансфер на**

**знаење, така што можам да потврдам дека соработката секогаш беше беспрекорна, непосредна и многу професионална. Проф. д-р Александра Стоилковска е мој ментор. Професорката Стоилковска ги користи своите експертски способности и знаења во својата стручна област, но во тој процес и го мотивира магистрантот на крај да генерира самостојно знаење, што е од клучно значење во општествените дејности“**, појаснува таа.

**Благодарение на образованието, во можност сме да ги разбереме нештата што нè опкружуваат, да ги објасниме различните појави, а со уписот на студиите да ги искажеме своите интереси и да ги покажеме своите можности.**

**„Се доживувам себеси како трагач по интелектуални предизвици и ме движи мотото дека учењето е долготраен процес. Тој никогаш не престанува со формалната едукација бидејќи на секоја дејност може да ѝ се пристапи интердисциплинарно, па да се стекне нова перцепција за одредена област. Токму затоа, моите амбиции не застануваат овде, туку напротив – размислувам и за понатамошна научна дејност, бидејќи сметам дека имам солидни аналитички вештини што можам да ги понудам, поврзувајќи ги со системски пристап. Сето тоа беше охрабрено од професорите во однос на изработка на семинарски трудови, што резултира со надградба на веќе добро воспоставени базични концепти“**, вели Пеншовски и посочува на кој начин професорите на Универзитетот Скопје го поттикнале лидерството кај неа.

**„Деловното лидерство со севкупната теорија ми понуди неколку интересни**

**Пеншовски: „Бев охрабрена од професорите во однос на изработка на семинарски трудови.“**



**перспективи. Научив дека *ако ги оставиш луѓето сами да работат, ќе успеат позитивно да те изненадат*, а потоа и фразата: *се чувствувам одговорен/на за своите вработени (колеги) и се грижам за нив соодветно*, за да утврдиме на крај дека *тимот најдобро работи со јасна и структурирана работна рамка*. Флексибилноста во однос на работните ангажмани бара нова динамика, адаптибилност и пронаоѓање техники и методи за навидум слични ситуации кои имаат различен исход“**, објаснува таа.

Хенри Форд, еден од најпознатите светски магнати рекол „Верувајте во својот успех и секогаш ќе најдете начин да ги совладате пречките“. Беншовски доби можност да биде дел од една од најдобрите фирми на Балканот, „Алкалоид“. Пресудно за тоа, освен вербата во себе, беше и знаењето што го стекна како магистер на факултетот.

**„Вработените во нашата организација се индивидуи што имаат сопствени ментални претстави и перцепции, сопствени цели и секако – секој е личност за себе. Токму поради тоа, треба да им се посвети внимание и на индивидуално и на групно ниво, сè со цел да се насочат вработените кон постигнување на организациските цели истовремено користејќи ги своите интелектуални капацитет, а притоа да им се да даде можност за личен раст и развој. Сето тоа е толку испреплетено што на крај доаѓа равенството дека НИЕ сме организацијата и организацијата сме НИЕ. Секоја компанија мора да го има тоа предвид бидејќи успешна е само онаа компанија што брзо учи и која го пренесува знаењето внатре во организацијата, но е истовремено и подготвена да се приспособи кон промените во опкружувањето надминувајќи ги анахроните начини за менаџирање со човечки капитал вели“**, Пеншовски и дополнува дека задржувањето и развивањето на вработените претставува еден вид врска токму помеѓу организацијата и вработените.

Врската со УТМС ќе ја продолжи бидејќи смета дека образованието е доживотен процес и како таков – никогаш не запира.

**„Едукацијата трае на различни начини низ сите сфери, низ сите животни циклуси, а овој Универзитет е секогаш моја позитивна асоцијација, која корелира со фактот дека третманот на идните академски граѓани ќе даде правопропорционално квалитетна нова младина, подготвена целосно да се соочи и да носи на рамениците нови професионални промени надградувајќи ги во квалитетен иден интелектуален капитал. Оваа едукација не ми беше само должност, туку и моја страст бидејќи се чувствувам многу комфорно во академски кругови“**, посочува Пеншовски.

Пеншовски: „Врската со УТСМ е нераскинлива.“



# МАРТИНА НАНЕВА, НАЈДОБАР СТДЕНТ ВО 2023 ГОДИНА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ

НАНЕВА: ***Посветеноста на професорите и квалитетните предавања ми помогнаа да го совладам меѓународниот маркетинг менаџмент***

Ричард Бренсон тврди дека неговата најголема мотивација произлегува од предизвиците кои си ги поставува самиот. Оваа изјава на најпознатиот британски деловен магнат била и главен двигател на Мартина Нанева (22) за време на студиите на Универзитетот Скопје.

„Мојот примарен фокус беше на учење, стекнување вредни искуства и постојано стремење кон извонредност во моите предмети. Иако на почетокот не планирав експлицитно да бидам најдобар студент, природно станав посветена на постигнување високи стандарди во моите студии поради моите перфекционистички тенденции. Се најдов себеси поттикната да напредувам и постојано да се






предизвикувам себеси академски. Мојот мотив произлезе од длабоката желба да го постигнам моето лично најдобро и да научам колку што можам повеќе во областа на меѓународниот маркетинг менаџмент. Како перфекционист, често се обидував да ја испорачам најдобрата можна работа во секоја задача и проект. Овој начин на размислување ме поттикна постојано да ги подобрувам моите вештини, да работам вредно и да одржувам силна посветеност на моите студии. Со текот на времето, оваа посветеност и стремежот кон академска извонредност ми помогнаа да се истакнам како еден од најдобрите студенти во мојата област.

Се обидов темелно да ги разберам материјалите, се вклучив во длабинско истражување и постојано се форсирав себеси да постигнам високи стандарди во моите задачи и испити. Во ретроспектива, желбата за извонредност и потрагата



Нанева: „Имав голема поддршка од деканката, професорите и од асистентите."

**по совршенство одиграа значајна улога во обликувањето на моето искуство и достигнувања на факултетот, дури и ако тоа не беше специфичен предизвик што си го поставив кога влегов на Универзитетот Скопје"**, вели Нанева која беше прогласена за најдобар студент во 2023 година.

Се запишала на Универзитетот Скопје во 2020 година, на Факултет за меѓународен маркетинг менаџмент. Во јули годинава го одбранила дипломскиот труд на тема „Ефектите на дигиталниот маркетинг врз зголемување на свесноста за брендот".

Да се оствари целта кон која тежнееме во едукацијата, потребни се многу нешта. Нанева нагласува дека Универзитетот и наставниот кадар одиграле клучна улога во нејзиното образование и во стекнувањето знаење во текот на факултетски години.

**„Имав среќа да учам во средина што нуди несебична поддршка, што во голема мера придонесе за мојот академски и личен раст. Факултетот, вклучувајќи ги деканката на меѓународен маркетинг менаџмент, професорите и асистентите, им беа неверојатно посветени на своите улоги. Тие не само што одржуваа висококвалитетни предавања, туку и нудеа насоки и менторство, што беше непроценливо за да ми помогне да ги разберам сложените концепти во меѓународниот маркетинг менаџмент. Накратко, факултетот и стручниот кадар ми ги обезбедија суштинските услови и поддршката неопходни за моето образование. Тие отидоа над и подалеку од моите очекувања за да обезбедат дека имаме пристап до богато знаење. Понатаму, моите практични искуства стекнати за време на моите патувања додадоа вреден слој на увид и примена во реалниот свет на моето образование за меѓународен маркетинг менаџмент"**, вели таа и дополнува зошто овој




Нанева: „Мојата крајна цел е да се стремам кон успех.“

факултет им го препорачува на младите што се на крстопат по завршувањето на средното образование.

**„Факултетот нуди една од најдобрите можности за академска извонредност и развој на практични вештини. Изборот на овој факултет може да ве постави на пат кон успешна и исполнета кариера, опремени со вештини и знаења потребни за да напредувате во динамичното поле на меѓународниот маркетинг менаџмент и сродните дисциплини. Мојата крајна цел е да се стремам кон успех. Постојано да се стремам кон извонредност во сè што правам. Оваа потрага по извонредност ме турка кон нови хоризонти на успехот, запалувајќи го огнот на амбицијата во мене да си поставувам повисоки стандарди и да остварам значајно влијание врз светот во областа на меѓународниот маркетинг менаџмент“**, завршува Нанева.

Нанева: „Се обидував да ја испорачам најдобрата можна работа во секоја задача и проект.“



# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

## АНТЈЕ ВАНДЕЛТ,

**директорката на Германската стопанска комора во Македонија, дел од мрежата на германски комори во странство, надлежна за Албанија и за Косово**

# ВАНДЕЛТ: МАКЕДОНИЈА ИМА ГОЛЕМ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И СЕГА Е МОМЕНТОТ КОГА ТРЕБА ДА СЕ ПОЗИЦИОНИРА КАКО ПАЗАР ЗА ИНВЕСТИРАЊЕ

Логистичката поврзаност со Германија, инфраструктурата, цената на енергија, програмите за финансиска поддршка што ги доделува Владата, достапноста на стручна работна сила, висината на даноците, се прашањата за кои најмногу се интересираат потенцијалните  германски инвеститори, вели во разговор за Магазинот за туризам и менаџмент Антје Ванделт, директорката на Германската стопанска комора надлежна за Албанија и за Косово. Македонија има




голем потенцијал за економски развој и сега е моментот кога треба да се позиционира како пазар за инвестирање, нагласува директорката на Комората, која е дел од мрежата германски комори во странство.

Македонија, вели Ванделт, може да се пофали и со тоа дека е мошне безбедна земја во однос на криминалот, работната култура во земјата е европска, а етика кај македонскиот народ е мошне висока.

# ВАНДЕЛТ: ГЕРМАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ ВО ЗЕМЈАТА СЕ НАЈГОЛЕМИ СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ И ПО ОСНОВА НА КАПИТАЛОТ И ПО ОСНОВА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ШТО ГИ ИМААТ ОТВОРЕНО



**Во Скопје се одржа вториот „SUBEX – Suppliers Balkan Expo“, платформа која треба да ја подобри соработката меѓу компании од Германија, ЕУ и од регионот на Југоисточна Европа. Дали ги исполни настанот Вашите очекувања?**

Настанот „Suppliers Balkan Expo“ привлече голем број компании од Германија, ЕУ и од регионот. Оваа година на повеќе од 600 гости им посакавме добредојде, сите седум панел дискусии беа одлично посетени, а истовремено се одржуваше саем, на кој се претставија повеќе од 30 компании-изложувачи, како и саем за вработување и кариера.

На настанот се одржаа повеќе од 250 Б2Б-состаноци. Иако помина веќе еден месец откако се одржа настанот, сè уште стигаат позитивни коментари од страна на компаниите и на партнерите.

Оваа година регионалното вмрежување за компаниите беше оценето како мошне значајно, голем број домашни компании воспоставија контакти со инвеститори кои се лоцирани и низ регионот.

Настанот од секој аспект го сметаме за мошне успешен, фокус беше ставен на актуелни теми кои го засегаат стопанството.

**На почетокот на својот мандат изјавивте дека ќе се залагате за подобро позиционирање на компаниите од Македонија во глобалниот синџир на снабдување и дека по кризата со пандемијата и војната во Украина, земјата може да ја искористи географската близина со Германија. Има ли некакви активности во оваа насока?**

Брзо по моето доаѓање во земјата, задно со ТИРЗ организиравме тркалезна маса пред потенцијални германски инвеститори во германската комора во Франкфурт. Присуствуваа повеќе од 25 компании, кои поставува конкретни прашања за пазарот. Најмногу ги интересираше логистичката поврзаност со Германија, инфраструктурата, цената на енергија, програмите за финансиска поддршка што ги доделува Владата, достапноста на стручна работна сила, висината на даноците. Оваа недела сум во Штутгарт, Франкфурт и во Диселдорф, каде што повторно пред германски компании ќе ја претставам добавувачите од земјата и од регионот. Сметам дека директното претставување на потенцијалот што го нуди македонскиот пазар пред германски компании е конкретна мерка што ја презема нашата канцеларија. За овие 6 месеци колку што сум во земјата, можам да посочам и конкретни примери за голем број германски инвеститори кои во изминатите две години ја отворија својата втора фабрика во земјата и го дуплираа бројот на вработени.

**Секоја година ги објавувате резултати од анкетата што ја спроведувате помеѓу вашите членки и поплаките секогаш се однесуваат на корупцијата, правната сигурност, јавната администрација и пристапот до работна сила. Од година во**



Антје Ванделт, директор на АХК Северна Македонија, дел од мрежата на германски комори во странство, надлежна за Албанија и Косово.



**година, со потенцирањето на проблемите со кои се соочувате, дали се подобрува, е статус кво или се влошува состојбата?**

Темата за недостиг од стручен кадар е глобален проблем со кој се соочува не само Македонија, но може да заклучиме дека од страна на германските инвеститори кои учествуваат во анкетата за оценка на деловната клима во земјата, а која ја спроведува нашата канцеларија, квалификациите и мотивацијата на стручните кадри се оценети со добри оценки.

Во врска со корупцијата, сметам дека таа повторно поинтензивно се тематизира. Се надевам дека ќе се преземаат мерки што поскоро да се стабилизира ова прашање. Сметам дека Македонија има голем потенцијал за економски развој и сметам дека сега е моментот кога треба да се позиционира како пазар за инвестирање, но и како пазар каде што може да се најдат голем број компании-добавувачи што работата според високи стандарди.

**Ниските плати и даноци секогаш беа потенцирани како компаративна предност на Македонија за привлекување странски компании. Но дали се за германските инвестиции тие најважните фактори во процесот на носење одлука за инвестирање во земјава?**

При носењето одлука за инвестирање на нови пазари, инвеститорите земаат повеќе фактори предвид. Едни од клучните се логистичката поврзаност со Германија, инфраструктурата, цената на енергијата во индустриското производство, програмите за финансиска поддршка на Владата, достапноста на стручна работна сила. Исто така, Македонија може да се пофали и со тоа дека е мошне безбедна земја во однос на криминалот. Работната

култура во земјата е европска, а етика кај македонскиот народ е мошне висока.

На сите средби на кои се сретнав со потенцијални германски инвеститори во Германија, но и инвеститорите кои веќе работат во земјата, на висината на платата не се гледа како на клучен фактор за носење одлука за инвестирање и реинвестирање во земјата.

**На почетокот на Вашиот мандат нагласивте дека Ваш втор приоритет ќе биде дуалното стручно образование по германски модел. Дали има во земјава интерес за дуално стручно образование?**

Ние како дел од мрежата на германски комори во странство сме во постојан дијалог со германските инвеститори. Пред седум години  ја препознавме потребата за воведување дуално стручно образование по германски модел во македонската образовна програма. Наидовме на позитивна клима и на поддршка од германското Министерство за економија, кое финансиски го поддржуваше овој проект. Во меѓувреме, 15 компании кои се наши партнери, како германски, така и македонски, но и други меѓународни компании го сметаат германскиот модел како инвестиција за успех. Програмата ја спроведуваме во седум градови во седум училишта. Повеќе од 400 ученици се моментално дел од програма за дуално стручно образование по германски модел.



## ВАНДЕЛТ: ТРГОВСКА РАЗМЕНА МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И ГЕРМАНИЈА ЌЕ РАСТЕ

**Кои се вашите следни активности како комора, а во насока на подобрување на бизнис-климата во земјава?**

Секојдневно сме во комуникација со германските инвеститори во земјата. Знаете дека тие се најголеми странски инвеститори и по основа на капиталот и по основа на работните места што ги имаат отворено.

Во врска со нивните предлози за подобрување на условите за работа на пазарот, олеснување на процедурите, забрзување на процесите, како со инвеститорите, во постојан дијалог сме и со Владата, каде што заеднички се трудиме на најдеме решенија. Во моментов интензивно работиме на усогласување на царинските стапки за компоненти што се произведуваат во земјата со оние во ЕУ. Тука ќе има големи заштеди за компании, кои пак ќе бидат реинвестирани.

Интензивно се работи и на дополнување на законот за добивање работни дозволи и дозволи за престој на инвеститори во земјата, што ќе олесни многу бирократски процедури.

Отворениот дијалог што го водиме со инвеститорите и Владата, сметам дека е од клучно значење за подобрување на состојбите во стопанството.

**Во периодот јануари – март 2023 година, според вкупниот обем на надворешната трговска размена, Република  Македонија најмногу тргувала со Германија. Дали има простор за зголемување на трговската размена?**

Секоја нова германска инвестиција во земјата значи и зголемување на извозот кон Германија. Можам да ги набројам компаниите што го зголемија своето производство само во изминатата година: Кромберт и Шуберт, Костал, Гересхајмер, ОДВ Електирик, Киел, Дрекслемајер, Ипротекс, а веќе во 2024 очекуваме да започне со производство и БМЗ. Сево ова е показател дека трговска размена ќе расте.


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk



Лабораториите и приватните болници најмногу се офаjдија во кризата.
*Извор: zmc.mk*

# ДАНОЧНА РЕФОРМА СВЕДЕНА НА МИНИМУМ

Кон крајот на минатата година, кога се презентираше буџетот за 2023-та, беше соопштена и долгонајавуваната даночна реформа околу која се полемизираше скоро шест месеци. Крајниот епилог излезе речиси никаков. Владата под притисок на бизнис-заедницата се откажа од неколку даночни решенија што можеа да значат значително повисоки приходи во буџетската каса. Наместо тоа, таканаречената реформа се сведе на повисока повластена стапка на ДДВ за неколку илјади производи кои требаше да се сметаат за луксуз и на плаќање т.н. кризен данок. И едното и другото решение наидоа на многубројни критики кај јавноста.

# КОМПАРАЦИЈА



Во време на криза, даночната политика не треба да трпи промени. Граѓаните и фирмите, кои и тоа како беа удрени по џебот во време на епидемиолошката и економската криза, високата инфлација ги дотолчи. Секое ново наредно најавување нови давачки, такси и обврски, за нив значеше нова главоболка и „тенчење" на трансакциските сметки. Во Македонија годинава, фокусот главно беше ставен на плаќањето т.н. данок на солидарност. Кога бизнисот лани куртули од многубројни давачки, кризниот данок беше споменат само на маргините, а на стартот на годинава, компаниите да ги дочека „студен туш", дека треба и тоа како да го одврзат ќесето и да ѝ го вратат на државата она што го заработија во изминатите неколку години како екстра профит. Ова главно се однесува на медицинските и на фармацевтските компании, приватните болници, лаборатории, банки, трговци со струја и други.

## БИЗНИСОТ БАРА „СПАС" ВО УСТАВНИОТ СУД

Уште кога како новогодишна честитка лани, компаниите се шокираа дека ќе треба да платат ваков данок, првата реакција на бизнисот беше дека одлуката ќе ја обжалат пред Уставниот суд. Така и сторија.

Од Стопанската комора велат дека солидарниот данок е селективен бидејќи не прави разлика како оствариле компаниите позитивен резултат, дали врз основа на поволните пазарни услови или на својата способна работа и вложувања. Според Комората, на овој начин ќе се дестимулираат успешните компании кои инвестирале во претходните години, а вакво ад-хок решение создава несигурност кај постојните и потенцијалните инвеститори. Според извршниот директор на СКСМ, Антони Пешев, законот е ретрограден, се однесува само на одредени компании и не ги исполнува целите за кои е наменет.

**„Како ќе им ги земете парите на компании кои се со странски инвеститори и кои веќе ја распределиле добивката? Тоа ќе претставува и голем товар за компаниите**




**Бизнисот бара спас пред Уставен суд.**
*Извор: телма.мк*

**бидејќи средствата што ги стекнале порано, веќе ги имаат инвестирано, што значи дека овој закон ќе ги стави во лоша положба во следните години“**, вели Пешев.

Солидарниот данок да се плаќа на рати и да се продолжи рокот за исплата, побара Стопанската комора на Северозападна Македонија.

Државата планира да собере околу 80 милиони евра од оваа еднократна давачка, а обврска за плаќање имаат сите компании кои лани оствариле приход поголем од 10 милиони евра, но и оние кои имале 20 отсто поголема добивка во однос на просекот кој го имале во последните четири години. Разликата на приходите се оданочува со 30 отсто. Парите кои државата треба да ги собере, треба да се користат за антикризни мерки.

Ако падне данокот на Уставен, од буџетот за следната година, парите ќе треба да им се вратат на фирмите што платиле.

**„Мислам дека има доволно средства испланирано во буџет, но првично намената е за антикризни мерки. Ако има таква одлука, тогаш ќе треба да се земат од граѓаните и да им се вратат на компаниите, но тоа мислам дека нема да се случи. А тоа ќе биде од следниот буџет, од овој не е возможно“**, вели вицепремиерот за економски прашања, Фатмир Битиќи.




**Бизнисот контра солидарниот данок.**
*Извор: libertas.mk*

## КОЛКУ ПАРИ СЕ СОБРАА?

Од кризниот данок досега државата собра 37,5 милиони евра од 130 компании. Обврска да платат солидарен данок имаат 156 компании, меѓу кои и едно јавно претпријатие, со вкупен износ од 53,4 милиони евра. Чудни се математиките на власта која лани прогнозираше дека по овој основ ќе прибере 80 милиони евра во државната каса, а сега излегоа речиси 30 милиони помалку од предвиденото. 26 компании сè уште не ја подмириле обврската и вкупно должат 726,6 милиони денари.

Најголем износ досега платил челичниот гигант „Макстил" од нешто над 4 милиони евра. Меѓу неплаќачите, најголем должник е една средна компанија со седиште во Скопје, која се занимава со трговија со електрична енергија, а должи 4,7 милиони евра. Дејностите на компаниите што должат се различни – две фирми се од дејноста коцкање и обложување, две за изградба на станбени и нестанбени згради, две компании со дејност трговија со дрва, градежни материјали и санитарија, потоа трговија на големо со хемиски производи итн. Овие фирми информирале дека не можат да платат бидејќи немаат пари.

Управата за јавни приходи веќе доставила опомени до овие фирми. Од 26-те компании што ја должат обврската, 6 направиле пребивање, што е дозволено, а 3 компании се во режим на репрограмирање, односно одлучиле да плаќаат на 3 рати (октомври, ноември, декември). Службата за внатрешни приходи (ИРС) ќе издаде уште едно предупредување до овие компании. Ако не се усогласат до 24 ноември, нивните сметки ќе бидат блокирани.

**УЈП објавува дека солидарен данок наплатиле од 130 фирми.**
*Извор: sitel.mk*




Зголемена повластена стапка на ДДВ.

## ЗГОЛЕМЕНА ПОВЛАСТЕНА СТАПКА НА ДДВ



За листата на т.н. луксузни производи се изначекавме. Најавена уште на стартот на декември лани, беше објавена дури во октомври годинава. И не само тоа. На листата на производи кои ќе се даночат со повластена стапка на ДДВ од 10%, а не со 5% се „протнаа“ многубројни производи како сладолед, корнишони, цвекло, кашкавал, сирење. Дури по жестоките реакции од јавноста дека се работи за продукти кои ни оддалеку не се луксузни, туку секојдневна потреба на граѓаните, власта ретерираше и ги тргна од листата.


**За листата на луксузни производи се дебатираше долго.**
*Извор: Andrea Monzo*

Сепак, економистите критикуваат дека е нејасно што сака Владата да постигне со оваа нова стапка на ДДВ од 10% за само неколку илјади видови производи, кога истовремено ги гарантира (читај намалува) цените на основната храна за населението. Едноставно, не сметаат дека ваквиот потег ќе има ефект – ниту дека ќе ја наполни државната каса ниту, пак, дека ќе влијае врз инфлацијата.

**„Замрзнувањето на цените кое го направија пред еден месец е добро, но мора да биде во сила подолго време. Исто така, не смее паралелно со него да се зголемуваат ни ДДВ-то, ни некои други цени, како цената на струјата или на парното. Мора да се зголемат осетно и минималната плата, и платите во јавниот сектор, и пензиите, и социјалните трансфери, барем за онолку колку што изнесува инфлацијата. Само така може да се спречи сиромаштијата драстично да порасне, и само така може да се забрза растот во оваа криза“**, вели Бранимир Јовановиќ.

# БЕСИМИ: НЕ СЕ ПРЕДВИДУВААТ НОВИ ДАНОЦИ

Од новитетите годинава, државата првпат во два наврати издаде граѓанска обврзница. Атрактивната каматна стапка ги заинтересира граѓаните да ги тргнат парите од банкарските сметки и да ги вложат во сигурни државни хартии од вредност кои ќе им донесат повисок принос. Во ноември, Владата од граѓаните позајми 17,7 милиони евра преку граѓанска обврзница.

На само неколку дена пред министерството за финансии да го објави предлог-буџетот за 2024 година, Бесими уверува дека нови даноци и зголемени давачки не се планираат. Затоа пак, по којзнае кој пат, најави борба со сивата економија. За да се намали, неформалната економија треба да се направи неисплатлива, вели тој. Според него, доколку целиот неформален сектор се формализира, нема да има потреба од задолжување за финансирање на буџетот.

**„Неформалната економија согласно одредени проценки изнесува околу 30% од бруто-домашниот производ на нашата земја. БДП за 2023 година е проценет на 14,4 милијарди евра, оттаму вредноста на неформалната економија би изнесувала околу 4,32 милијарди евра. Според груби пресметки, тоа значи дополнителни 795 милиони евра годишни приливи во буџетот по основ на даночни приходи“**, посочува Бесими.

Меѓународните финансиски институции, но и Народната банка, алармираат дека јавниот долг на земјата е висок и дека мора исклучително многу да се внимава при менаџирањето со него.

**„Јавниот долг е значајно зголемен во целиот регион, и неопходна е консолидација, а таа може да се направи само преку намалување на буџетскиот дефицит“**, вели гувернерката Анита Ангеловска-Бежоска.

Податоците покажуваат дека јавниот долг на




*Извор: МФ*

Македонија се намалува. Последните објавени податоци покажуваат намалување за 2,1 п.п. во однос на претходниот квартал и 3,9% споредено со крајот на 2022 година. Како што информираат од ресорното министерство, со регистрирано ниво од 55,8% од БДП, јавниот долг се врати на нивото од пред 2020 година, пред ковид-пандемијата, односно тој е понизок за 3,9% и од нивото на јавниот долг во 2020 година.

Сепак, познато е дека јавниот долг се намалува во релативен износ бидејќи БДП постојано расте, меѓутоа во апсолутен износ тој галопирачки се зголемува. Ако во 2020 година зборувавме за јавен долг од 6,4 милијарди евра, сега тој се искачи на рекордни 8 милијарди евра.




*Извор: МФ*



## СРБИЈА САКА ДА СОБЕРЕ ПАРИ ОД ФРИЛЕНСЕРИТЕ

Нашиот северен сосед Србија, се обидува да наплати пари од фриленсерите. Иако нивниот точен број е непознат, се проценува на околу 75 илјади луѓе, од кои годинава само 2.000 се пријавиле да платат данок.

Постојат четири категории луѓе кои може да се сметаат за фриленсери, а првата е домашно физичко лице кое остварува приходи работејќи за правно лице, претприемач или физичко лице од странство.

Втората категорија, ја претставува домашно физичко лице кое остварува приходи за домашно физичко лице, а во оваа категорија спаѓаат „бебиситерки или занаетчии кои, на пример, ви ја бојадисуваат просторијата“.

Третата категорија е домашно лице кое заработува со работа во друга земја, а како пример ги наведува морнарите на океанските бродови.

Последната категорија е странец кој заработува со работа кај исплатувач на приходи од странство или домашно физичко лице – тоа се претежно дигитални номади.

## БОРБА ПРОТИВ ДАНОЧНОТО ЗАТАЈУВАЊЕ ВО ГРЦИЈА

Како што посочивме погоре, најсеопфатната акција која власта може да ја направи во ваков случај е да наплати што е можно повеќе од граѓаните и од фирмите. Општо е познато дека стапките на сивата економија на Балканот се превисоки. Грција годинава објави два пакета мерки за сузбивање на неформалната економија, која е проценета на 21% или на 40 милијарди евра годишно.

Земјата главно ќе се залага за поширока и поефикасна употреба на технологијата во трансакциите (на пр. проширување на ПОС на сите економски активности, завршување на меѓусебната поврзаност на фискалните каси со ПОС, задолжително објавување на приходите и расходите, казни за користење готовина над 500 евра и забрана за користење готовина во трансакции со недвижности), како и проширување на даночната основа (на пр., промени на краткорочни закупи со воведување данок на живеалиште од 1,5 евра на ден и ДДВ за оние кои изнајмуваат три или повеќе имоти и одредување праг на даночната добивка што треба да ја покажат хонорарците).



**Грција ѝ отвори војна на светската економија.**
*Извор: thenewgreece*

Користењето на електронските трансакции е клучно за подобрување на наплатата на ДДВ. Електронските трансакции можат да се следат и тоа го ограничува просторот за даночно затајување.

Втората категорија е дел од поширокaта даночна реформа, каде што проширувањето на даночната основа ќе ѝ овозможи на владата да го намали (тековното) прекумерно оданочување на наемниот труд. За да го направи ова, Министерството за национална економија и финансии го наметнува импутираното оданочување на хонорарците, со тоа што како граница на оданочливата добивка ја утврдува бруто-заработката од минималната плата, која изнесува 10.920 евра.






**Протест на фриленсерите во Белград.**
*Извор: бета.рс*




Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ
- 2006 -

# Superbrands

## UNIVERSITY OF SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC